1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-15644

Петок, 3 октомври 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 56 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 18 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**840.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВО ПОГЛЕД НА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ ШТО ТИЕ ГИ КОРИСТАТ

Се прогласува Законот за правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П. бр. 21
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВО ПОГЛЕД НА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ ШТО ТИЕ ГИ КОРИСТАТ

Глава прва

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат правата, должностите и одговорностите на сојузните органи и на работниците во работните заедници на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост со кои се користат сојузните органи.

Член 2

Средства во општествена сопственост што се користат за извршување на задачите и работите на сојузните органи (во натамошниот текст: средства во општествена сопственост), во смисла на овој закон, според видот во кој се појавуваат, се: предмети, парични средства и материјални права.

Средства во општествена сопственост, според својата намена се: средствата од кои работниците во работната заедница го стекнуваат доходот на работната заедница, средствата за материјални трошоци, средствата за опрема и средствата за посебни намени.

Член 3

Како средства во општествена сопственост, во смисла на овој закон, се сметаат и средствата за заедничка потрошувачка во работните заедници на сојузните органи.

Член 4

Во поглед на користењето, управувањето и располагањето со средствата во општествена сопственост се применуваат одредбите на овој закон, ако за одделни средства односно за одделни сојузни органи со сојузен закон не е определено поинаку.

Член 5

Сојузните органи имаат права, должности и одговорности во поглед на користењето, управувањето и располагањето со средствата во општествена сопственост, со кои право на располагање има Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во натамошниот текст: СФРЈ), утврдени со овој закон и со други сојузни закони и прописи.

Член 6

Сојузните организации и стручните служби на сојузните органи, што имаат својство на општествено правно лице, ги преземаат правните работи и другите дејствија во правниот промет на определени средства во општествена сопственост од свое име и за тие обврски одговараат со тие средства.

Со сојузниот закон за основање на сојузни организации или со актот за основање на стручни служби на сојузните органи со својство на општествено правно лице се определуваат средствата во општествена сопственост што тие ги користат за вршење на работите и другите дејствија од став 1 на овој член.

Член 7

Под сојузни органи, во смисла на овој закон, се подразбираат: Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации, Сојузниот суд, Сојузното јавно обвинителство, Сојузното јавно правобранителство и Сојузниот совет за прекршоци.

Одредбите на овој закон се применуваат и на Советот на федерацијата на Уставниот суд на Југославија, на сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето, на сојузните општествени совети и на стручните служби на органите од став 1 на овој член.

Член 8

Сојузните органи ги користат средствата во општествена сопственост во согласност со нивната намена и со задачите и работите за чие извршување тие средства се обезбедени.

Сојузните органи се должни своите потреби за средства во општествена сопственост да ги програмираат и планираат во согласност со повеќегодишните програми за модернизација и техничка опременост на сојузните органи.

Програмите на сојузните органи се утврдуваат во согласност со повеќегодишните програми за развој на техничката база на сојузните органи, со тоа што да се овозможи особено типизација, стандардизација, унификација, рационално користење и одржување.

Сојузните органи се должни да обезбедат внимателно и совесно ракување, чување и заштита на средствата во општествена сопственост, нивно општествено и економски целесообразно користење, како и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од правата и должностите во врска со користењето, управувањето и располагањето со тие средства.

Член 9

Сојузните органи меѓусебно соработуваат врз програмирањето и планирањето, чувањето, заштитата и користењето на средствата во општествена сопственост. Таа соработка сојузните органи ја остваруваат и со соодветните органи во републиките и автономните покраини, како и со соодветните самоуправни организации и заедници, со други организации и здруженија.

Член 10

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација (во натамошниот текст: функционерот), односно овластеното лице во друг сојузен орган кое има право и должност на функционер кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација (во натамошниот текст: овластениот функционер) се грижи за програмирањето, планирањето и прибавувањето на средствата во општествена сопственост, потребни за работа на органот со чија работа раководи.

За законитоста на работата во врска со прибавувањето на средствата во општествена сопственост и за нивното општествено и економски целесообразно користење, како и за управувањето и располагањето со нив е одговорен функционерот односно овластениот функционер.

За законитото користење на средствата за заедничка потрошувачка, во рамките на финансискиот план, одговорен е функционерот односно овластениот функционер.

Член 11

Во остварувањето на правото на работа, работниците во работните заедници на сојузните органи имаат права, обврски и одговорности внимателно да ракуваат, да ги чуваат и штитат средствата во општествена сопственост.

Во остварувањето на самоуправните права и должности, работниците во работните заедници на сојузните органи покренуваат иницијатива и даваат мислења и предлози до функционерот односно до овластениот функционер за ефикасно и општествено и економски целесообразно користење, чување, ракување и заштита на средствата во општествена сопственост.

Член 12

Работниците во работните заедници на сојузните органи одговараат за законитоста на работата во врска со користењето, управувањето и располагањето со средствата за заедничка потрошувачка и за ефикасното и општествено и економски целесообразното користење, чување, ракување и заштита на тие средства.

Член 13

Сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа ги врши задачите и работите што се однесуваат на правата и должностите на сојузните органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат, ако со овој или со друг сојузен закон не е поинаку уредено.

Сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа во вршењето на работите и задачите од став 1 на овој член ја следи и анализира состојбата и движењето на средствата во општествена сопственост и начинот, формите и методите за современо, ефикасно и општествено и економски целесообразно користење на тие средства; на Сојузниот извршен совет му дава мислење за предлозите на програмите за прибавување на определена опрема и на програмите за модернизација на определени служби што до Сојузниот извршен совет ги поднесуваат други сојузни органи; врши надзор над применувањето на одредбите од овој закон и од други прописи за користењето, управувањето и располагањето со средствата во општествена сопственост.

По исклучок, задачите и работите од ст 1. и 2 на овој член ги вршат:

1) сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите — во поглед на паричните средства обезбедени во буџетот на федерацијата;

2) сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи — во поглед на средствата што ги користат дипломатските и конзуларните претставништва на СФРЈ во странство и странските дипломатски и конзуларни претставништва во СФРЈ;

3) Сојузниот секретаријат за народна одбрана — во поглед на средствата во општествена сопственост што ги користат: тој орган, сојузните организации во неговиот состав и Југословенската народна армија.

Член 14

Потребите на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за средства во општествена сопственост и мерките во врска со прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со тие средства, ги утврдува Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Потребите на другите сојузни органи од член 7 на овој закон за средства во општествена сопственост и мерките во врска со прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со тие средства ги утврдува Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

Сојузниот извршен совет презема мерки и врши други права и должности во врска со спроведувањето на утврдената политика за прибавување користење, управување и располагање со средствата во општествена сопственост што ги користат сојузните органи на управата и сојузните организации и стручните и други служби на Сојузниот извршен совет, се грижи за обезбедувањето на средствата за работа на тие органи, организации и служби и ја насочува нивната работа, заради усогласено, ефикасно и општествено и економски целесообразно користење на средствата во општествена сопственост.

Сојузниот извршен совет ја утврдува методологијата за изработка на програмите за прибавување на определени средства, за изработка на програмите

за модернизација на определени служби, за изработка на извештаите за извршувањето на тие програми и содржината на тие извештаи.

Паричните средства за потребите на сојузните органи од член 8 на овој закон се утврдуваат во буџетот на федерацијата.

Член 15

Сојузното јавно правобранителство презема мерки и правни средства заради заштита на правата и интересите на СФРЈ во врска со прибавувањето, користењето и располагањето со средствата во општествена сопственост, според одредбите на Законот за Сојузното јавно правобранителство, на овој закон и на други сојузни прописи.

Сојузните органи се должни претходно да прибават мислење од Сојузното јавно правобранителство за правните работи, за кои тоа е определено со сојузен закон или со други сојузни прописи.

Член 16

Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето презема мерки и правни средства во согласност со одредбите на Законот за сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и врши други со законот утврдени права и должности заради остварување на општествена заштита на самоуправните права на работните луѓе и на средствата во општествена сопственост.

Член 17

Контрола на прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со средствата во општествена сопственост вршат надлежните органи и организации во федерацијата, овластени со сојузен закон.

Член 18

Службата на општественото книговодство на Југославија врши контрола над правилноста на извршувањето на буџетот на федерацијата, контрола над периодичните пресметки и на завршните сметки на корисниците на буџетот на федерацијата и контрола над завршната сметка на буџетот на федерацијата.

Службата на општественото книговодство врши контрола над законитоста во користењето и располагањето со средствата во општествена сопственост, како и контрола над извршувањето на обврските на корисниците на средствата во општествена сопственост спрема буџетот на федерацијата.

Контролата од ст. 1 и 2 на овој член Службата на општественото книговодство ја врши врз основа на Законот за Службата на општественото книговодство и во согласност со тој закон.

Член 19

Средствата во општествена сопственост се осигуруваат во согласност со прописите за осигурување на средствата во општествена сопственост.

Сојузниот извршен совет утврдува кои средства во општествена сопственост мораат да се осигураат.

Член 20

Кога федерацијата основа школи, научни и други установи (во натамошниот текст: установи) за вршење на работи од интерес за остварувањето на своите функции, должна е за извршувањето на тие работи да им ги обезбеди потребните средства.

Со сојузниот закон со кој се основа установата од став 1 на овој член може да се пропише одделни средства во општествена сопственост да можат да ѝ се дадат на таа установа на привремено користење, како и условите под кои тие средства можат да ѝ се дадат на таа установа на привремено користење.

Со актот за престанок на вршењето на правата и должностите на федерацијата како основач према установата од став 1 на овој член ако на таа установа ѝ се доделат средства во општествена сопственост на привремено користење се утврдуваат сојузните органи врз кои се пренесуваат тие средства, како и правата и должностите на тие сојузни органи во поглед на средствата во општествена сопственост што се пренесуваат врз нив.

Член 21

Во случај на престанок на установата основана со сојузен закон за вршење на работите од интерес за остварувањето на функциите на федерацијата, по намирувањето на обврските во постапката за редовна ликвидација односно за стечај, средствата во општествена сопственост што на установата ѝ се дадени од буџетот на федерацијата ѝ се враќаат на федерацијата.

Федерацијата може средствата од став 1 на овој член да му ги даде на трајно или привремено користење на друг сојузен орган, организација односно установа основана за вршење на работите од интерес за остварувањето на функциите на федерацијата.

Одредбите од ст. 1 и 2 на овој член согласно се применуваат и врз интересните заедници што ги основале сојузните органи.

Член 22

Награди и подароци од средствата во општествена сопственост можат да се даваат само по исклучок и во согласност со сојузниот закон.

Критериумите и мерилата за доделување награди и подароци од средствата во општествена сопственост ќе ги пропишат органите од член 14 на овој закон.

Награди и подароци од средствата за заедничка потрошувачка на работните заедници на сојузните органи можат да се даваат во согласност со законот, а според основите и мерилата што се утврдени во самоуправниот општ акт.

## Глава втора

## СРЕДСТВА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

## I. Предмети

### 1. Заеднички одредби за користењето

Член 23

Предметите потребни за работата на сојузните органи ги прибавуваат тие органи, со надомест или без надомест, врз основа на договор или по друга основа.

За прибавувањето на предметите одлучува функционерот односно овластениот функционер, во согласност со програмата за прибавување на предмети.

Предметите што се прибавуваат со надомест можат да се прибавуваат само во рамките на средствата предвидени за таа намена во буџетот на федерацијата.

Член 24

Паричните средства обезбедени за прибавување на предмети сојузните органи можат да ги здружуваат заради заедничка набавка и користење на

предметите, со тоа што односите помеѓу тие органи се уредуваат со договор.

Договорот од став 1 на овој член го склучува функционерот односно овластениот функционер.

Член 25

Предметите се прибавуваат со јавно наддавање или врз основа на присобрани понуди, а по исклучок со непосредна спогодба.

Сојузниот извршен совет ги пропишува видовите на предметите што можат да се прибавуваат со непосредна спогодба.

Член 26

Договорот за прибавување на неподвижни предмети и опрема се склучува во писмена форма.

Договорот од став 1 на овој член што не е склучен во писмена форма нема правно дејство.

Член 27

Потписот на функционерот односно на овластениот функционер на актот за стекнување право на располагање на СФРЈ врз недвижност не мора да биде заверен од судот или од друг орган, ако тој акт служи како основа за запишување на правото на располагање и другите промени во земјишните и другите јавни книги и ако потписот е заверен со печат на сојузниот орган.

Член 28

Ако сојузниот орган поради промена на делокругот, намалување на задачите и работите или поради други околности престане да го користи предметот, должен е за тоа да го извести органот односно службата што ќе ја определи Сојузниот извршен совет.

Предметот што сојузниот орган како привремено непотребен му го ставил на располагање на органот односно на службата од став 1 на овој член, тој орган односно служба може да му го даде на привремено користење на друг сојузен орган со обврска тој предмет уредно да го чува и одржува.

Сојузниот извршен совет може да реши предметот од став 1 на овој член, со надомест или без надомест, да се пренесе односно да му се даде на привремено користење на општествено правно лице, или со надомест да се отуѓи од општествена сопственост, ако тој предмет не можел да се пренесе или да му се даде на привремено користење на друго општествено правно лице.

Член 29

Износот на паричните средства добиен со давање на привремено користење, пренос или продажба на предмети е приход на буџетот на федерацијата.

Член 30

Договорот за давање на предмети на привремено користење, за пренос на предметите, за замена на предмети и за отуѓување на предмети од општествена сопственост се склучува во писмена форма.

Договорот од став 1 на овој член што не е склучен во писмена форма не произведува правно дејство.

Член 31

Одредбите од чл. 22, 23, 25, 26 и од чл. 28 до 30 на овој закон согласно се применуваат и врз материјалните права на сојузните органи.

**2. Земјиште**

Член 32

Како земјиште, во смисла на овој закон, се смета градежното или друго земјиште што служи за потребите на сојузните органи.

Член 33

Земјиштето се прибавува под условите и на начинот утврден со закон.

За прибавување на земјиште одлучува органот од член 14 на овој закон, за чии потреби земјиштето се прибавува.

Договорот за прибавување на земјиште за потребите на сојузниот орган од името на СФРЈ го склучува функционерот односно овластениот функционер.

Член 34

Ако земјиштето се прибавува со експропријација, Сојузното јавно правобранителство, на барање од сојузниот орган за чии потреби земјиштето се експропира, поднесува предлог за експропријација до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 35

Земјиштето што не му е потребно ниту на еден сојузен орган, се пренесува врз општината на чија територија тоа земјиште се наоѓа.

Ако земјиштето е прибавено со надомест или во врска со земјиштето се направени вложувања, пренесувањето на земјиштето врз општината се врши со надомест што му одговара на дадениот надомест и на сторените вложувања.

Ако општината на чија територија се наоѓа земјиштето не го преземе земјиштето со надомест, таквото земјиште може, со соодветен надомест, да се пренесе врз друго општествено правно лице.

За пренесувањето на земјиштето врз општината или врз друго општествено правно лице одлучуваат органите од член 14 на овој закон.

Договорот за пренесување на земјиштето од став 1 на овој член од името на СФРЈ го склучува функционерот односно овластениот функционер.

**3. Службени згради и простории**

Член 36

Службени згради и простории, во смисла на овој закон, се зградите, деловите од згради и просториите изградени, купени или на друг начин прибавени за потребите на сојузните органи (во натамошниот текст: службени простории).

Член 37

Потребите на сојузните органи за службени простории се утврдуваат со програма.

Програмата од став 1 на овој член ја утврдува Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет.

Договорот врз основа на кој се врши прибавување на службени простории го склучува функционерот односно овластениот функционер што за тоа ќе го овласти Сојузниот извршен совет, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

Член 38

Службените простории прибавени за сојузните органи од член 14 на овој закон ги распоредуваат

тие органи според критериумите што тие ќе ги утврдат.

Службените простории дадени на користење на сојузен орган на управата односно на сојузна организација ги распоредува функционерот односно овластениот функционер.

Член 39

Условите и начинот на чувањето, заштитата и одржувањето на службените простории ги пропишуваат органите од член 14 на овој закон.

Член 40

На службената просторија не можат да се вршат преправки, адаптации или други градежни работи што не се во согласност со проектот според кој е изградена службената просторија.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, ако со градежните работи од став 1 на овој член се придонесува за пофункционално и порационално користење на службената просторија, овластениот орган може да го дозволи изведувањето на тие работи, под услов и на начин што ќе ги пропише Сојузниот извршен совет.

**4. Станбени згради, станови и гаражи**

*Поим*

Член 41

Под станбени згради, станови и гаражи, во смисла на овој закон, се подразбираат: станбени згради, станови и гаражи кои со изградба, купување, пренос или по друга основа се прибавени за потребите на функционерите, овластените функционери, раководните работници и работниците во сојузните органи

*Прибавување*

Член 42

За прибавувањето на станбени згради, станови и гаражи се користат средствата на буџетот на федерацијата, определен дел од паричните средства од станарината и надоместот за користење на гаражите, лични средства на функционерите, овластените функционери, раководните работници и на работници во сојузните органи и други средства определени со сојузен закон.

Член 43

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува единствена програма за прибавување на станбени згради, станови и гаражи за потребите на сојузните органи, по предлог на органот од член 14 на овој закон.

Деловите на програмите за потребите на органите од член 14 на овој закон ги предлагаат:

1) за функционерите, овластените функционери, раководните работници и работниците кои ги избира, именува односно назначува или дава согласност за назначување Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, освен за функционерите од точка 3 на овој член и за работниците во стручните служби на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) за функционерите, овластените функционери и раководните работници кои ги именува односно назначува Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за работниците во стручните служби на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) за членовите на Сојузниот извршен совет, замениците, на сојузните секретари, замениците на претседателите на сојузните комитети, овластените функционери и раководните работници што ги назначува Сојузниот извршен совет и за работниците во сојузните органи, освен за работниците на органите од точ. 1 и 2 на овој став — Сојузниот извршен совет.

Програмите од став 1 на овој член ги подготвуваат соодветни интересни заедници.

Со програмите од став 1 на овој член се создаваат услови за остварување на кадровската политика на федерацијата за рамноправна застапеност на републиките и соодветна застапеност на автономните покраини, за подобрување на квалификационата структура на работниците и подобрување на условите на домувањето.

Со програмите од став 1 на овој член може да се предвиди и прибавување на станови за потребите на општествено-политичките организации во федерацијата.

Член 44

Договорот за прибавување на станбени згради, станови и гаражи го склучува соодветната интересна заедница, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

*Распределба*

Член 45

Станови и гаражи можат да им се доделат на користење само на функционери, овластени функционери, раководни работници и на работници вработени во сојузните органи.

Станбени простории во станбените згради наменети за домарите на зградите можат да му се дадат само на лицето кое ја врши домарската служба.

Член 46

Распределба на становите и гаражите вршат органите од член 14 на овој закон во согласност со програмата за станбена изградба и со своите акти, ако со сојузен закон тоа право не му е дадено на друг сојузен орган, и тоа:

1) за функционерите овластените функционери, раководните работници и работниците кои ги избира, именува односно назначува или дава согласност за назначување Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, освен за функционерите од точка 3 на овој член и за работниците во стручните служби на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) за функционерите, овластените функционери, раководните работници кои ги именува односно назначува Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за работниците во стручните служби на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) за членовите на Сојузниот извршен совет, замениците на сојузните секретари, замениците на претседателите на сојузните комитети, функционерите, и раководните работници кои ги назначува Сојузниот извршен совет и за сојузните органи за потребите на работниците во тие органи, освен за

работниците на органите од точ. 1 и 2 на овој став — Сојузниот извршен совет.

Заради подобрување на кадровската структура на работниците во сојузниот орган, органите од член 14 на овој закон можат да го овластат функционерот односно овластениот функционер, во согласност со критериумите што тие органи ќе ги утврдат, по претходно прибавено мислење од работната заедница, определен број станови и гаражи непосредно да им доделува на работниците на тој орган.

Член 47

Работната заедница на сојузниот орган им дава на работниците на сојузниот орган на користење станови и гаражи доделени за потребите на тој орган, под условите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт.

Член 48

Правото за давање станови и гаражи на користење што органите од член 14 на овој закон ги распределуваат во смисла на член 46 од овој закон може со договор да се замени за право за давање на користење на испразнет стан и гаража на друго општествено правно лице, ако е тоа потребно заради порационално користење на становите и гаражите и обезбедување соодветни станови и гаражи за функционерите, овластените функционери раководните работници и работниците во сојузните органи.

За замената на правото за давање стан или гаража на користење одлучуваат органите од член 14 на овој закон.

Договорот од став 1 на овој член го склучува функционерот односно овластениот функционер во органот за чиишто потреби се врши замената. Со овој договор се утврдуваат односите во врска со таа замена.

*Стан за службени потреби*

Член 49

Под стан за службени потреби, во смисла на овој закон, се подразбира стан потполно или делумно наместен кој, заради привремено сместување по преземањето на должноста, му се дава на функционерот, овластениот функционер, односно раководниот работник во сојузниот орган кој го задржува станарското право на станот што го користел во местото на живеењето или кој привремено се сместува во таквиот стан, додека не добие стан на трајно користење.

Член 50

Функционерот, овластениот функционер односно раководниот работник не може да стекне станарско право на стан за службени потреби.

По разрешувањето од должноста, ставањето на располагање или добивањето стан на трајно користење функционерот, овластениот функционер односно раководниот работник во сојузниот орган е должен да го ослободи службениот стан, и тоа во рок од 30 дена од денот на разрешувањето од должноста, или од денот на вселувањето во друг стан, односно најдолго во рок од една година од денот на ставањето на располагање.

Органите од член 14 на овој закон ги определуваат функционерите, овластените функционери односно раководните работници кои можат да добијат стан за службени потреби.

*Користење*

Член 51

Договорот за користење на стан или гаража го склучуваат функционерот, овластениот функционер, раководниот работник односно работникот на кого станот односно гаражата му е доделена на користење и интересната заедница за домување на која и е доверено управувањето со тој стан односно со гаражата.

Договорот за користење на стан за службени потреби го склучуваат функционерот, овластениот функционер односно раководниот работник кому што станот му е доделен и интересната заедница за домување на која и е доверено управувањето со тој стан.

Договорите од ст. 1 и 2 на овој член се склучуваат во писмена форма.

*Управување*

Член 52

Начинот на управувањето со станбените згради, становите и гаражите, како и правата и должностите на интересните заедници во врска со управувањето со тие станбени згради, станови и гаражи се врши во согласност со сојузниот закон.

**5. Станбени згради, станови и деловни простории за потребите на странските дипломатски и конзуларни претставништва во СФРЈ**

Член 53

Под станбени згради, станови и деловни простории за потребите на странските дипломатски и конзуларни претставништва во СФРЈ, во смисла на овој закон, се подразбираат: станбените згради, становите и деловните простории, на кои право на располагање има СФРЈ.

Сојузниот извршен совет ги определува станбените згради, становите и деловните простории што служат за намената од став 1 на овој член.

Член 54

Паричните средства што од надоместот за користењето на објектите од член 53 на овој закон се издвојуваат на име амортизација, како и средствата што се издвојуваат за изградбата на такви објекти, во смисла на овој закон, се сметаат како средства во општествена сопственост.

Член 55

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува програма за прибавување и изградба на објектите од член 53 на овој закон.

Член 56

Сојузниот извршен совет може, на предлог од сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи да одлучи објектот од член 53 на овој закон, чија потреба за користење ќе престане, да го пренесе врз друго општествено правно лице со надомест или без надомест или со надомест да се отуѓи од средствата во општествена сопственост.

Договорот за пренос односно за отуѓување на објектот од член 53 на овој закон го склучува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи.

Договорот од став 2 на овој член склучен спротивно на одредбите на овој член не произведува правно дејство.

Член 57

Сојузниот извршен совет го уредува начинот на организирањето и вршењето на работите во врска со објектите од член 53 на овој закон.

### 6. Недвижности за посебни намени

Член 58

Под недвижности за посебни намени, во смисла на овој закон, се подразбираат: земјиште, станбени згради, деловни простории и други недвижности врз кои СФРЈ има право на располагање, а служат за потребите за згрижување на странски државјани и на лица без државјанство на кои СФРЈ им дава прибежиште.

Член 59

Актот за користење, закуп и други права на недвижностите од член 58 на овој закон го донесува Сојузниот извршен совет на предлог од сојузниот орган на управата надлежен за работите на социјалната заштита.

### 7. Средства за репрезентација

Член 60

Средства за репрезентација, во смисла на овој закон, се недвижните и подвижните предмети наменети за потребите на репрезентацијата на сојузните органи (резиденции, земјишта, згради, средства за превоз и др.).

Член 61

Органите од член 14 на овој закон ги определуваат објектите што се сметаат како средства за репрезентација, ги утврдуваат програмите за прибавување, изградба и опремување на средствата за репрезентација и ги утврдуваат условите и начинот на користењето на тие средства.

Член 62

Органите од член 14 на овој закон ја утврдуваат организацијата на службата за извршување на работите на репрезентацијата и начинот на заштитата на средствата за репрезентација.

### 8. Средства на општествениот стандард

Член 63

Средства на општествениот стандард, во смисла на овој закон, се: ресторанитe, кујните, бифињата, одморалиштата, кампoвите, спортските и други објекти, прибавени со средства од буџетот на федерацијата, што служат за исхрана и рекреација на работниците, раководните работници, функционерите и овластените функционери во сојузните органи.

Член 64

Органите од член 14 на овој закон ги определуваат, по прибавеното мислење од работните заедници, средствата на општествениот стандард, условите и начинот на користењето на тие средства и службите за вршење на работите во врска со одржувањето и заштитата на тие средства.

Член 65

Сојузните органи можат меѓусебно да здружуваат средства на општествениот стандард заради нивното општествено и економски целесообразно користење. Овие средства сојузните органи можат да ги здружуваат и со средства на општествениот стандард на други општествени правни лица.

Органите од член 14 на овој закон ги пропишуваат условите под кои средствата на општествениот стандард можат да се здружуваат.

Средствата на општествениот стандард се здружуваат со самоуправна спогодба или со договор.

За здружувањето на средствата на општествениот стандард прибавени од средствата на буџетот на федерацијата одлучува функционерот односно овластениот функционер, по прибавеното мислење од работната заедница.

### 9. Средства во странство

Член 66

Земјиштето, зградите, становите, подвижните предмети и материјалните права во странство, на кои СФРЈ има право на сопственост согласно со законодавството на земјата во која тие се наоѓаат, се средства во општествена сопственост.

Паричните средства во странство што ги има СФРЈ, во смисла на овој закон, се општествени средства.

Средствата од ст. 1 и 2 на овој член ги користат дипломатските и конзуларните претставништва на СФРЈ во странство и претставништвата на сојузните органи во странство за извршување на своите задачи и работи.

Член 67

Прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со средствата во странство од член 66 на овој закон се врши според одредбите на овој закон.

Член 68

Недвижностите и опремата потребни за работа на претставништвата од член 66 на овој закон се прибавуваат во согласност со програмата што ја утврдува Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на предлог од Сојузниот извршен совет.

Член 69

Договорите за купување земјиште за изградба на згради, за изградба и купување на згради, како и за замена и закуп на земјиште и згради за потребите на претставништвата од член 66 на овој закон, ги склучува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи може да го овласти шефот на дипломатското или на конзуларното претставништво на СФРЈ во странство да го склучи договорот од став 1 на овој член.

### 10. Средства за превоз

Член 70

Средства за превоз, во смисла на овој закон, се: патничките автомобили, товарните автомобили, автобусите, воздухопловите, пловните објекти и други средства што служат за потребите на превозот на сојузните органи.

Член 71

Средствата за превоз можат да ги користат функционерите, овластените функционери, раководните работници и работниците во сојузните органи.

Средствата за превоз се користат за извршување на службени работи, ако природата на работата и условите на работата тоа го бараат.

Член 72

Претседателот на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, претседателот и членовите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, претседателот на Сојузниот извршен совет и претседателот на Уставниот суд на Југославија користат патнички автомобил за вршењето на своите функции.

Член 73

Условите и начинот на користењето на патнички автомобили ги уредуваат, и тоа:

1) за потребите на делегатите на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) за функционерите, овластените функционери и раководните работници кои ги избира, именува односно назначува или дава согласност за назначување Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија односно неговото претседателство, освен за функционерите од точка 4 на овој член и за работниците во стручните служби на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) за функционерите, овластените функционери и раководните работници кои ги именува односно назначува Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за работниците во стручните служби на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

4) за членовите на Сојузниот извршен совет, заменициите на сојузните секретари и заменициите на претседателите на сојузните комитети, како и за функционерите, овластените функционери и раководните работници кои ги назначува Сојузниот извршен совет, за функционерите и работниците во републичките односно во покраинските органи што учествуваат во работата на сојузните органи и за работниците во сојузните органи, освен за работниците од точ. 2 и 3 на овој став — Сојузниот извршен совет.

Патничките автомобили што се користат во смисла на став 1 од овој член не можат да бидат дадени на постојано користење.

Член 74

Функционерот кој раководи со сојузен орган на управата или со сојузна организација односно овластенит функционер поблиску го уредува начинот на користењето на патничките автомобили во тој орган односно организација.

Член 75

Условите и начинот на користењето на воздухоплови, пловни објекти, автобуси, товарни автомобили и на други средства за превоз што служат за потребите на сојузните органи ги пропишуваат органите од член 14 на овој закон.

Член 76

Средствата за превоз се набавуваат од домашно производство.

Сојузниот извршен совет пропишува кога за определени службени потреби можат да се набават средства за превоз што не се произведуваат во СФРЈ (возила за протоколарни потреби, за потребите на безбедноста, за одбранбени подготовки, за дипломатски и конзуларни претставништва на СФРЈ во странство).

Средствата за превоз за потребите на сојузните органи не можат со надомест да се набавуваат од граѓански правни лица и од граѓани во СФРЈ.

Член 77

За прибавување на средства за превоз одлучува органот од член 14 на овој закон.

Прибавувањето се врши во согласност со програмата за набавка на средства за превоз, во рамките на средствата обезбедени во буџетот на федерацијата за тие набавки.

Член 78

За Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации работите на превозот ги врши службата за превоз што ќе ја определи Сојузниот извршен совет.

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и општествено-политичките организации во федерацијата можат на службата за превоз од став 1 на овој член да ѝ ги доверат работите на превозот, под условите и на начинот пропишан за работата на таа служба.

Член 79

Сојузниот извршен совет ги определува сојузните органи на управата и сојузните организации и стручните и други служби на Сојузниот извршен совет кои можат непосредно да користат средства за превоз, ако тоа го бара природата на задачите и на работите што тие ги вршат.

## 11. Предмети со уметничка и културна вредност

Член 80

Предмети со уметничка и културна вредност, во смисла на овој закон, се дела на ликовната и применетата уметност и други дела од значење за културата на народите и народностите на Југославија (слики, скулптури, таписерии, повелби, музејски или библиографски примероци на книги и др.).

Член 81

Предмети со уметничка и културна вредност се прибавуваат на предлог од комисијата што ја формира и чиишто членови ги именува сојузниот орган кој тие предмети ги прибавува.

При прибавувањето на предметите со уметничка и културна вредност се води сметка за застапеноста на уметничките и културните достигања на народите и народностите на Југославија.

Сојузниот извршен совет ги пропишува условите и начинот на прибавувањето, користењето, одржувањето, чувањето и заштитата на предметите со уметничка и културна вредност.

## 12. Опрема и потрошен материјал

Член 82

Под опрема, во смисла на овој закон, се подразбираат средствата на механографијата и електрониката, електричните уреди, средствата за врски и комуникации, лабораториската опрема, канцелариският мебел, библиотеките, како и други предмети чиешто користење под редовни услови на употреба трае подолго од една година.

Средства на опремата се и паричните средства наменети за набавка на опрема, како и средствата за амортизација, ако амортизацијата за тие средства е пропишана.

Член 83

Под потрошен материјал, во смисла на овој закон, се подразбираат предметите кои, со користењето ќе се потрошат во целост и чиешто користење под редовни услови на употреба трае до една година.

Член 84

Опремата и потрошниот материјал се прибавуваат под следните услови:

1) да се од домашно производство;

2) по капацитетот, функцијата и другите својства да одговараат на потребите за кои се прибавуваат;

3) да се прибавуваат во количеството потребно сојузниот орган непречено да ги извршува своите задачи и работи и да бидат што поцелосно и порационално искористени.

Сојузниот извршен совет пропишува кога и под кои услови може да се набавува опрема и потрошен материјал од увоз.

Член 85

Опремата се прибавува врз основа на програмата што ќе ја утврдат органите од член 14 на овој закон.

Во програмата за прибавување на опрема мора да се назначи опремата што ќе се набавува во странство.

Член 86

За прибавување на опрема и потрошен материјал одлучува функционерот односно овластениот функционер, во согласност со овој закон и со друг сојузен пропис, по прибавено мислење на работната заедница.

## II. Парични средства

Член 87

Под парични средства, во смисла на овој закон, се подразбираат: средствата на буџетот на федерацијата, средствата на сметките на сојузните органи (готови пари и странска валута), хартиите од вредност и девизите.

Условите и начинот на користењето и располагањето со паричните средства се уредуваат со сојузен закон и со буџетот на федерацијата.

## III. Материјални права

Член 88

Материјални права, во смисла на овој закон, се правото на патент, правото на лиценца, правото на модел, правото на мостра, правото на жиг, правото на користење на техничка документација, побарување и други материјални права утврдени со сојузен закон.

Прописите со кои поблиску се уредува прибавувањето, користењето и располагањето со материјалните права од страна на сојузните органи ги донесува Сојузниот извршен совет.

## IV. Средства за заедничка потрошувачка на работниците во работните заедници на сојузните органи

Член 89

Со средствата за заедничка потрошувачка на работниците во работните заедници на сојузните органи располагаат работниците во работните заедници на тие органи.

Средствата за заедничка потрошувачка ги користат работниците во работните заедници на сојузните органи во согласност со законот и со самоуправните општи акти на тие заедници.

Од средствата за заедничка потрошувачка се намируваат и обврските на работните заедници во сојузните органи.

Член 90

Ако поради реорганизација од сојузниот орган биде издвоен негов дел (организациона единица) и тој дел влезе во состав на друг сојузен орган, врз работната заедница на другиот сојузен орган се пренесува дел од средствата за заедничка потрошувачка и дел од правата и обврските на работната заедница, сразмерно со бројот на работниците што ќе бидат распоредени во другиот сојузен орган.

Под обврски од став 1 на овој член се подразбираат обврските на работната заедница на сојузниот орган настанати до денот на припојувањето на делот од сојузниот орган кон друг сојузен орган.

Одредбата на став 1 од овој член сообразно се применува и кога поради реорганизација на сојузниот орган неговиот дел ќе влезе во состав на два или повеќе други сојузни органи.

Во случаите од ст. 1 и 3 на овој член, работната заедница на сојузниот орган од кој работниците се распоредуваат и работната заедница на сојузниот орган во кој работниците се распоредуваат, односно работните заедници во кои работниците се распоредуваат солидарно одговараат за обврските од став 1 на овој член.

Член 91

Ако сојузниот орган биде укинат, средствата за заедничка потрошувачка, правата и обврските на работната заедница на тој орган преминуваат врз работната заедница на сојузниот орган во кој се распоредени работниците од укинатиот сојузен орган.

За обврските на работната заедница на укинатиот сојузен орган одговара работната заедница на сојузниот орган во кој се распоредени работниците до височината на вредноста на средствата за заедничка потрошувачка примени од работната заедница на укинатиот сојузен орган.

Член 92

Ако работниците на укинатиот сојузен орган бидат распоредени во два или повеќе сојузни органи, средствата за заедничка потрошувачка, правата и обврските на работната заедница во поглед на тие средства на укинатиот сојузен орган преминуваат врз работната заедница на сојузниот орган во кој се распоредени работниците на укинатиот сојузен орган сразмерно со бројот на работниците распоредени во тие сојузни органи, ако работните заедници на тие органи не се спогодат поинаку.

За обврските на работната заедница на укинатиот сојузен орган солидарно одговараат работните заедници на сојузните органи во кои се распоредени работниците на укинатиот сојузен орган до височината на средствата за заедничка потрошувачка што ги примиле од работната заедница на укинатиот сојузен орган.

Член 93

Ако ниеден сојузен орган не ги преземе работниците на укинатиот сојузен орган, средствата

за заедничка потрошувачка и правата и обврските на работната заедница на укинатиот сојузен орган преминуваат врз СФРЈ.

Во случајот од став 1 на овој член за обврските на работната заедница на укинатиот сојузен орган одговара СФРЈ до износот на средствата за заедничка потрошувачка примени од работната заедница на укинатиот сојузен орган.

### Глава трета

## ЗАШТИТА, НАДЗОР И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СРЕДСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

### I. Заштита

Член 94

Договорите за купопродажба, замена, закуп, привремено користење и пренос на предмети, за градење и здружување на средства за градење, за прибавување со надомест и за отуѓување на материјални права, како и другите договори со кои се прибавуваат предмети односно материјални права или со нив се располага, се склучуваат по прибавено мислење од Сојузното јавно правобранителство.

Сојузното јавно правобранителство е должно мислењето од став 1 на овој член да го даде веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Сојузниот извршен совет, на предлог од сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите, ја утврдува височината на вредноста на предметите и на материјалните права, како и другите случаи во кои не мора да се прибави мислењето од став 1 на овој член.

Член 95

Сојузното јавно правобранителство е должно да поднесе тужба за поништување на договорот за купување односно за продажба на недвижност, што од името на СФРЈ е склучен со поединец или со граѓанско правно лице, ако за купената односно продадената недвижност договорената цена е очигледно несразмерна со прометната вредност на недвижноста во времето на склучувањето на договорот.

Тужбата за побивање на договорот од став 1 на овој член се поднесува во рок од една година од денот на склучувањето на договорот.

Одредбите на овој член сообразно се применуваат и врз договорите за замена на недвижности.

### II. Надзор

Член 96

Надзор над применувањето на одредбите од овој закон и од другите сојузни прописи за прибавување, користење, управување и располагање со средствата во општествена сопственост вршат, во согласност со својот делокруг и со одредбите на сојузниот закон, сојузните органи на управата од член 13 ст. 1 и 3 на овој закон.

Член 97

Во вршењето на надзорот, сојузниот орган на управата од член 13 ст. 1 и 3 на овој закон има право на увид во евиденцијата и документацијата за прибавување, користење, управување и располагање со средствата во општествена сопственост; право и должност да му укаже на функционерот односно на овластениот функционер на состојбата и проблемите во врска со користењето на средствата во општествена сопственост; право и должност да го извести Сојузниот извршен совет за утврдената состојба и за појавите во врска со прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со средствата во општествена сопственост и да ги предложи мерките што треба да се преземат заради отстранување на утврдените неправилности и незаконитости.

Сојузниот орган кај кој се врши надзор е должен на органот на управата што го врши надзорот да му овозможи увид во евиденцијата и документацијата за прибавување, користење, управување и располагање со средствата во општествена сопственост, да му даде потребни објаснувања и податоци и да му даде помош во вршењето на тој надзор.

Член 98

Сојузните органи на управата од член 13 на овој Закон се должни, кон предлогот на завршната сметка на буџетот на федерацијата да му поднесуваат на Собранието на СФРЈ редовни годишни извештаи за состојбата и појавите во поглед на прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со општествените средства што ги користат сојузните органи, со предлози на мерки.

Член 99

Самоуправна контрола над прибавувањето, користењето, управувањето и располагањето со средствата за заедничка потрошувачка вршат работниците во работната заедница на сојузниот орган, согласно со законот и со самоуправните општи акти на работната заедница.

### III. Евиденција

Член 100

Евиденција за состојбата и движењето на средствата во општествена сопственост водат:

1) сојузните органи — за средствата што ги користат;

2) сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи — за средствата во странство, како и за станбените згради, становите и деловните простории што ги користат странските дипломатски и конзуларни претставништва во СФРЈ;

3) интересните заедници за домување што ги основале сојузните органи — за станбените згради, становите, становите за службени потреби и гаражите;

4) сојузниот орган на управата односно службата што ќе ја определи Сојузниот извршен совет — за недвижности што ги користат сојузните органи, освен оние од точ. 2 и 3 на овој член.

Член 101

Во евиденциите од член 100 на овој закон се искажуваат: вредноста, техничките податоци и намените на предметите и материјалните права.

Сојузниот извршен совет, по предлог на органот од член 13 ст. 1 и 3 на овој закон, ги пропишува видовите на евиденција, податоците што се внесуваат во тие евиденции, начинот на собирање на податоците што ќе бидат евидентирани, начинот на обработката и користењето на евиденциите и видовите на збирните евиденции и нивниот обем.

Прописот од став 2 на овој член ќе го донесе Сојузниот извршен совет во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 102

Ако дел од средствата во општествена сопственост биде пренесен врз република или врз автономна покраина, односно врз друго општествено правно лице, сојузниот орган е должен да ја предаде документацијата за тие средства.

Глава четврта

## КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### 1. Стопански престапи

Член 103

Со парична казна од 1.000 до 10.000 динари ќе се казни за стопански престап одговорното лице во сојузниот орган:

1) ако незаконито прибавува, користи, управува или располага со средства во општествена сопственост што се потребни за работата на сојузните органи (член 10 став 2);

2) ако прибавува предмети со надомест надвор од рамките на паричните средства предвидени во буџетот на федерацијата за таа намена (член 23 став 3);

3) ако без јавно наддавање или без собирање на понуди прибавува предмет во општествена сопственост за кој е пропишан таков начин на прибавување (член 25 став 1);

4) ако склучи договор за прибавување на земјиште или договор за пренос на земјиште без одлука на органот од член 14 на овој закон (член 33 ст 2 и 3 и член 35 ст. 4 и 5);

5) ако спротивно на програмата за прибавување на службени простории или без овластување од Сојузниот извршен совет склучи договор за нивно прибавување (член 37 ст. 1 и 3);

6) ако склучи договор за пренос или договор за отуѓување на објектите од член 54 од овој закон без одлука на Сојузниот извршен совет (член 56 ст. 1 и 2);

7) ако од името на СФРЈ склучи договор за изградба или за купување на зграда, договор за купување на земјиште за изградба или договор за замена или закуп на земјиште или на зграда за потребите на дипломатските или конзуларните претставништва на СФРЈ или за претставништвата на сојузните органи во странство без овластување од функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи (член 69 став 2);

8) ако прибавува средства за превоз спротивно на прописите на Сојузниот извршен совет или ако тие средства ги прибавува со надомест од домашни граѓански правни лица или од граѓани на СФРЈ (член 76 ст. 2 и 3);

9) ако прибавува опрема без програма или спротивно на програмата (член 85).

### 2. Прекршоци

Член 104

Со парична казна од 500 до 5.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во сојузниот орган или работникот во работната заедница на сојузниот орган кому што му е доверено ракување со средства во општествена сопственост, ако тие средства ги користи спротивно на нивната намена и на задачите и работите за чие извршување се обезбедени тие средства (член 8 став 1 и член 11 став 1).

Член 105

Со парична казна од 500 до 5.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во сојузниот орган ако врши преправање, адаптација или други градежни работи на службените простории што не се во согласност со проектот според кој службените простории се изградени (член 40 став 1).

Член 106

Со парична казна од 300 до 1.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во сојузниот орган ако склучи договор без претходно прибавено мислење од Сојузното јавно правобранителство (член 94 став 1).

Член 107

Со парична казна од 100 до 500 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во сојузниот орган или во надлежната интересна заедница ако не води евиденција за средствата во општествена сопственост или не ја води според одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон (чл. 100 до 102).

Член 108

Со парична казна од 500 до 2.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во сојузниот орган, во работната заедница на сојузниот орган или во надлежната интересна заедница;

1) ако во пропишаниот рок не ја среди евиденцијата за недвижностите што сојузниот орган ги користи или ако копија на средената евиденција, со документацијата, не му достави на сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа (член 112);

2) ако во пропишаниот рок не ги прибави исправите потребни за запишување на станбени згради или станови во јавната книга (член 113 ст. 1 и 2);

3) ако исправите од точка 2 на овој член во пропишаниот рок не ѝ ги достави на надлежната интересна заедница (член 113 став 3);

4) ако во пропишаниот рок преку Сојузното јавно правобранителство не му поднесе на надлежниот орган барање за запишување на станбените згради или становите во јавната книга (член 113 став 4).

Член 109

За водење на прекршочна постапка во прв степен по прекршоците од чл. 104 до 108 на овој закон се надлежни:

1) сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа — за прекршоците во врска со недвижностите, средствата за превоз, средствата за опрема и предметите со уметничка и културна вредност;

2) сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите — за прекршоците во врска со паричните средства;

3) сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи — за прекршоците во врска со средствата во општествена сопственост во странство и со станбените згради, становите и работните простории што ги користат странските дипломатски и конзуларни претставништва во СФРЈ;

4) Сојузниот секретаријат за народна одбрана — за прекршоците во врска со средствата во општествена сопственост што ги користи тој орган, сојузните организации во неговиот состав и Југословенската народна армија.

Глава петта

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 110

Сојузните органи што користат недвижности во општествена сопственост се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да ја соберат потребната документација за тие недвижности, ако правото на располагање на СФРЈ врз нив не е запишано во јавната книга. Под оваа документација се подразбираат исправите со кои се докажува правото на располагање на СФРЈ врз недвижностите.

Ако сојузниот орган што ги користи недвижностите не може да ги прибави исправите од став 1 на овој член, ќе преземе мерки за обезбедување на докази за правото на располагање на СФРЈ врз недвижностите.

Ако сојузниот орган што ги користи недвижностите располага со исправите од став 1 на овој член, должен е веднаш да му ги достави на Сојузното јавно правобранителство заради поднесување предлог до надлежниот орган за запишување на правото на располагање на СФРЈ врз тие недвижности.

Запишувањето на правото на располагање на СФРЈ врз недвижностите ќе се изврши и ако за правната исправност на актот (договорот) за стекнување на правото на располагање врз недвижностите не е прибавено мислење од Сојузното јавно правобранителство.

Член 111

Сојузниот орган што користи недвижности е должен во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да изврши попис на недвижностите врз кои е запишано право на користење, односно право на располагање на СФРЈ.

Ако се утврди дека недвижноста од став 1 на овој член ја користи неовластен држател, надлежниот сојузен орган на управата од член 13 став 1 и став 3 точ. 2 и 3 на овој закон ќе поднесе барање до Сојузното јавно правобранителство односно до Военото правобранителство да поведе постапка пред судот или пред друг орган заради враќање на таа недвижност на федерацијата.

За недвижностите што ги користат други општествени правни лица Сојузниот извршен совет, во рок од шест месеци од денот на истекот на рокот од став 1 на овој член, ќе одлучи дали недвижноста ќе му се предаде на друг орган, ќе се замени за друга недвижност, ќе се пренесе, со надомест или без надомест, врз друго општествено правно лице, ќе му се даде на друго општествено правно лице на привремено користење или ќе се отуѓи од средствата во општествена сопственост.

Член 112

Сојузните органи се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на прописот од член 101 став 2 на овој закон да ја средат евиденцијата за недвижностите што ги користат и копиите од таа евиденција, со документацијата, да му ги доставaт на сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа.

Член 113

Сојузните органи за чии потреби се прибавени станбени згради, станови, односно гаражи врз кои СФРЈ не е запишана како носител на правото на располагање, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги прибават исправите потребни за тоа запишување.

Одредбата од став 1 на овој член се применува и врз работните заедници на сојузните органи.

Сојузните органи и работните заедници на тие органи се должни исправите од став 1 на овој член, да ѝ ги доставаат, во рок од два месеца од денот на истекот на рокот од тој став, на надлежната интересна заедница.

Интересната заедница од став 3 на овој член е должна, во натамошен рок од шест месеци, преку Сојузното јавно правобранителство да поднесе барање за запишување на зградите, становите, односно гаражите во јавната книга.

Член 114

Прописите од член 14 став 4. член 19 став 2, член 25 став 2, член 40 став 2, член 57, член 73 точка 4, член 76 став 2, член 79, член 81 став 3, член 84 став 2, член 88 став 2 на овој закон ќе ги донесе Сојузниот извршен совет во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 115

Сојузниот орган на управата надлежен за работите на организацијата на сојузната управа ќе утврди, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, кои недвижности повеќе не се потребни за вршење на задачите и работите на сојузните органи и ќе му предложи на Сојузниот извршен совет да се пренесат, со надомест, или без надомест врз општествени правни лица, да се заменат или отуѓат, во согласност со одредбите на овој закон.

Член 116

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1) одредбите на член 33 став 1 и член 44 став 1 од Законот за прометот со земјишта и згради („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/65, 57/65, 17/67 и 11/74);

2) Основниот закон за користење на патнички автомобили во општествена сопственост и за начинот на располагање со општествените средства за користење на патнички автомобили („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/64);

3) одредбите на чл. 4, 14 и 15 од Законот за Интересната заедница за станбена изградба и за управувањето со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/75).

Член 117

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**841.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПУШТАЊЕ НА ЛЕКОВИ ВО ПРОМЕТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за пуштање на лекови во промет, што

го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П бр. 22
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПУШТАЊЕ НА ЛЕКОВИ ВО ПРОМЕТ

Член 1

Во Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ" бр. 58/76) во член 2 став 2 досегашните точ. 5, 6 и 7 се заменуваат со нова точка 5 која гласи:

„5) завоен материјал, средства за шиење рани и за спречување на крвавење, средства за заботехника и други производи и средства за кои, според прописите донесени врз основа на овој закон, ќе се утврди дека можат да бидат корисни при определени состојби на болест или време на живот (во натамошниот текст: помошни лековити средства)".

Член 2

Во член 11 точка 2 зборот: „испитување" се заменува со зборот: „контрола".

Член 3

Во член 19 ставот 3 се менува и гласи:

„Решението за утврдување на Југословенската фармакопеја се објавува во „Службен лист на СФРЈ", а Југословенската фармакопеја ја издава Сојузниот завод за здравствена заштита."

Член 4

По член 20 се додава нов член 20а кој гласи:

„Организацијата на здружен труд, друга заинтересирана организација, орган, заедница или поединец на чиј предлог се врши лабораториско, фармакодинамско-токсиколошко, односно клиничко испитување на лек заради пуштање во промет за поднесениот предлог го известува надлежниот сојузен орган на управата и органот на управата определен со републички односно со покраински пропис. Предлогот за испитување на лекот содржи податоци за видот и намената на лекот, видот на испитувањето и називот и адресата на организациите на здружен труд што ќе го вршат испитувањето на лекот.

Известувањето со податоците од став 1 на овој член се доставува пред почетокот на лабораториското, фармакодинамско-токсиколошкото, односно клиничкото испитување на секој лек.

Член 5

Одредбите на овој член не се однесуваат на текстот на македонски јазик.

Член 6

Во член 22 став 3 зборовите: „републичките и покраинските органи надлежни за работите на здравството, односно за работите на ветеринарството" се заменуваат со зборовите: „надлежните органи во републиката односно во автономната покраина".

Член 7

Во глава II во оддел 3 по зборот: „пуштање" се додава зборот: „готови".

Член 8

Во член 30 став 2 зборовите: „се дава на определено време, а најдолго за период од пет години од денот на доставувањето на решението" се заменуваат со зборовите: „се дава, по правило, на определено време".

Член 9

Во член 31 став 3 на крајот се додаваат зборовите: „и органот определен со републички односно со покраински пропис, најдоцна три месеци пред престанувањето на производството на лекот".

Член 10

Во член 33 став 2 зборовите: „старешината на надлежниот сојузен орган на управата" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со надлежниот сојузен орган на управата".

Член 11

Во член 41 зборовите: „точ. 2, 4, 5 и 6" се заменуваат со зборовите: „точ. 2, 4 и 5".

Член 12

Во член 44 ставот 1 се менува и гласи:

„Помошните лековити средства можат да ги пуштаат во промет и други организации на здружен труд".

Во став 2 зборовите: „на управата" се бришат.

Член 13

Во член 45 зборовите: „старешината на сојузниот орган на управата надлежен" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен".

Член 14

Во член 46 на крајот на став 2 се додаваат зборовите: „и органот определен со републички односно со покраински пропис".

Член 15

Во член 48 став 3 зборовите: „на управата" се бришат.

Член 16

Во член 51 став 2 зборовите: „и на пуштањето во промет на лекови на големо" се бришат.

Член 17

По член 51 се додаваат два члена, кои гласат:

„Член 51а

Надлежниот сојузен орган на управата е одговорен за извршувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на него и кога со овој закон е определено дека непосреден надзор вршат надлежните органи во републиките и во автономните покраини.

Во согласност со одговорноста од став 1 на овој член, надлежните сојузни органи на управата

имаат право и должност на републичките и покраинските органи на управата надлежни за работите на надзор да им даваат задолжителни инструкции за извршувањето на работите за кои се овластени со овој закон.

Член 51б

Републичките и покраинските органи на управата надлежни за работите на надзор се должни на надлежниот сојузен орган на управата да му доставуваат извештаи за спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството, односно на ветеринарството, ќе го пропише по потреба, начинот и роковите на доставување на извештаите од став 1 на овој член."

Член 18

Во член 52 став 1 по точка 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) да наредат уништување на неисправен лек, ако утврдената неисправност може штетно да влијае врз здравјето;".

Досегашните точ. 5 и 6 стануваат точ. 6 и 7.

Член 19

По член 53 се додава член 53а, кој гласи:

„Спроведување на решенијата што ги донесуваат органите од член 51 на овој закон обезбедуваат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина."

Член 20

Во член 54 ставот 1 се менува и гласи:

„Трошоците за повлекувањето на лек од прометот, трошоците за уништувањето на неисправен лек и трошоците на надлежниот орган во врска со спроведувањето на решенијата од чл. 52 и 53 на овој закон ги поднесува организацијата на здружен труд што го произвела или што го увезла неисправниот лек, односно друга организација на здружен труд по чија вина дошло до повлекување на лекот од прометот или до уништување на лекот."

Член 21

По член 56 се додава нова глава со два нови члена, кои гласат:

„IIIа. ДРУГИ ОДРЕДБИ

Член 56а

Трошоците на постапката во врска со одобрувањето на пуштањето на лек во промет ги поднесува производителот, односно увозникот на лекот. Височината на тие трошоци ја утврдува со решение надлежниот сојузен орган на управата.

Член 56б

Се овластува сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството, односно на ветеринарството, да донесува прописи:

1) за производите кои, во смисла на овој закон, се сметаат како помошни лековити средства и за условите под кои тие средства можат да се пуштаат во промет;

2) за постапката за испитување на лековите заради нивното пуштање во промет и за давање одобрение за пуштање на лекови во промет."

Член 22

Во член 62 став 1 точка 4 зборовите: „(член 20)" се заменуваат со зборовите: „(член 30)".

Во точка 7 по зборовите: „надлежниот сојузен орган на управата" се додаваат зборовите: „и органот определен со републички односно со покраински пропис".

Член 23

Во член 64 став 1 се додава нова точка 1 која гласи:

„1) ако не ги извести надлежните органи за поднесениот предлог за испитување на лекот или ако не им достави известување со пропишаните податоци пред почетокот на испитувањето на лекот (член 20а)."

Досегашните точ. 1 и 2 стануваат точ. 2 и 3.

Член 24

По член 67 се додава член 67а кој гласи:

„Организациите на здружен труд кои произведуваат или увезуваат заради пуштање во промет помошни лековити средства се должни, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на прописот донесен врз основа на член 56б точка 1 од овој закон, да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон."

Член 25

Член 68 се менува и гласи:

„Одобренијата за пуштање на лекови во промет, издадени врз основа на прописите што важеа во времето кога одобренијата се издадени, остануваат во сила без оглед на датумот на важењето наведен во решението за одобрение, ако не постојат други причини за укинување на решението предвидени со овој закон."

Член 26

Се овластува Законодавно-правната комисија на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ да го издаде пречистениот текст на Законот за пуштање на лекови во промет.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**842.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДВИЖЕЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ

Се прогласува Законот за движењето и престојот на странците, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П. бр. 23
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ, с. р.**

# ЗАКОН

# ЗА ДВИЖЕЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Странците за време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат да се движат, престојуваат, да се задржуваат, да се служат со личното име, да набавуваат, држат и носат оружје под условите пропишани со овој закон, ако со меѓународен договор не е определено поинаку.

Како странец, во смисла на овој закон, се смета секое лице кое не е државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

### Член 2

За време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странците се должни да се придржуваат кон прописите и одлуките на државните органи, засновани врз Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија законите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и врз нејзините обврски од меѓународните договори.

### Член 3

Работите во врска со движењето и престојот на странци во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги вршат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

### Член 4

На странците може да им се забрани влегувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, да им се ограничи или забрани движењето на определено подрачје, да им се откаже престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или да им се забрани постојаното населување во определени места од причините на заштитата на јавниот поредок или од причините на заштитата на интересите на одбраната на земјата или од причини што произлегуваат од меѓународните односи.

Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници и државните органи со своите акти го утврдуваат режимот на движењето и престојот на странци во тие организации и заедници односно органи.

Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници и државните органи, кои повикуваат припадници на странски вооружени сили или на странски служби за безбедност, односно кои примаат и организираат нивни посети, должни се за тоа да го известат надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

## II. ПАТНИ ИСПРАВИ И ВИЗИ ЗА ДОАЃАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

### 1. Патни исправи

### Член 5

Странецот може да доаѓа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и да престојува на нејзината територија ако има важечка странска патна исправа или важечка патна исправа за странци издадена од надлежниот орган на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, снабдена со југословенска виза.

Странците кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија престојуваат врз основа на заедничка (колективна) патна исправа можат да се движат одвоено од групата само врз основа на одобрение од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

### Член 6

Како странска патна исправа, во смисла на овој закон, се смета пасош (личен, семеен и заеднички), дипломатски пасош и службен пасош, поморска книшка, бродарска книшка или друга патна исправа призна според меѓународните договори, врз основа на која може да се утврди идентитетот на нејзиниот носител, на која рокот на важењето не ѝ истекол и која е издадена според прописите за издавање патни исправи на странската држава.

Патна исправа на странска држава не ќе се признае ако таа странска држава не признава соодветна патна исправа на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

### Член 7

На странецот кому во Социјалистичка Федеративна Република Југославија му е признат статус на бегалец и на лицето без државјанство, за патување во странство им се издава патна исправа за бегалци односно патна исправа за лица без државјанство, предвидена со меѓународните договори.

### Член 8

Патната исправа за бегалци и патната исправа за лица без државјанство ги издава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје бегалецот или лицето без државјанство има живеалиште односно престојувалиште.

Патната исправа од став 1 на овој член се издава со рок на важење до една година.

Важењето на патните исправи од став 1 на овој член може да се продолжува, со тоа што нивното вкупно важење не може да биде подолго од пет години.

### Член 9

Патниот лист за странец е патна исправа што му се издава на странецот кој нема важечка патна исправа, и тоа:

1) кому што му е признато правото на азил во Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за патување во странство;

2) кој добил заштита од Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за доаѓање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) кој добил отпуст од државјанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за заминување во странство;

4) кој загубил странска патна исправа или на друг начин останал без неа, а државата чиј државјанин е тој нема свое претставништво во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ниту нејзините интереси ги застапува друга држава — за заминување во странство;

5) кој во странство ја загубил патната исправа за странци издадена од надлежниот орган на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за враќање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Патен лист за странец може да му се издаде и на друг странец, ако за тоа постојат оправдани причини.

Патниот лист за странец се издава со рок на важење до една година.

Член 10

Патниот лист за странец содржи: натпис „Социјалистичка Федеративна Република Југославија"; број на патниот лист; втиснат грб на СФРЈ; назив „Патен лист за странец"; место за фотографија; место за запишување на податоци за носителот на патниот лист, и тоа: име и презиме, ден, месец и година на раѓањето, место на раѓањето, живеалиште, државјанство; место за запишување на податоци за членовите на семејството (брачен другар и деца) кои патуваат со него, и тоа: име и презиме, сродство и година на раѓањето; место за запишување рокот на важењето на патниот лист; назив на органот што го издава патниот лист, датум на издавањето на патниот лист, отпечаток на печатот на органот што ги издал патниот лист и потпис на овластеното лице.

На фотографијата во патниот лист се втиснува со сув жиг.

Член 11

Патниот лист за странец му издава:

1) на странецот од член 9 став 1 точ. 1,3 и 4 на овој закон — надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина;

2) на странецот од член 9 став 1 точка 2 на овој закон — дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство;

3) на странецот од член 9 став 1 точка 5 на овој закон — дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, откако за издавањето на патниот лист ќе прибави согласност од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи;

4) на странецот од член 9 став 2 на овој закон — надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, односно дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, откако за издавањето на патниот лист ќе прибави согласност од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 12

Патната исправа за бегалци, патната исправа за лица без државјанство и патниот лист за странци им се издаваат на лицата што наполниле 18 години возраст.

За лицата помлади од 18 години личните податоци се запишуваат во патната исправа на родителите.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, кога за тоа постојат оправдани причини, патните исправи од тој став можат да му се издадат и на лице кое не наполнило 18 години возраст.

Член 13

Патната исправа за бегалци, патната исправа за лица без државјанство и патниот лист за странци нема да му се издадат на странецот:

1) против кого се води кривична односно прекршочна постапка — на барање од надлежниот орган;

2) кому што му е изречена безусловна казна затвор, додека не ја издржи казната;

3) на писмено барање од заинтересираното лице или од неговиот старател или од надлежниот орган за старателство — ако спрема тоа лице или спрема други лица во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не намирил своја втасана имотно-правна обврска од брачниот однос или од односот родители и деца;

4) на писмено барање од надлежниот орган на општествено-политичката заедница, на организацијата на здружен труд односно на друга самоуправна организација или заедница — ако на друг начин не ќе може да се изврши неговата втасана обврска;

5) ако тоа го бара заштитата на јавниот поредок или ако тоа го бараат интересите на одбраната на земјата.

Во решението донесено врз основа на точка 5 став 1 од овој член надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководел при донесувањето на решението.

Член 14

Ако причините од член 13 став 1 на овој закон настеле пред денот на издавањето на патната исправа, а надлежниот орган за нив узнал подоцна или тие причини настанале по денот на издавањето на патната исправа, патната исправа ќе се одземе.

Решение за одземање на патната исправа донесува органот надлежен за издавање на патни исправи односно визи.

Жалбата против решението од став 2 на овој член не го одлага неговото извршување.

Против решението за одбивање на барањето за издавање патна исправа, односно против решението за одземање на патната исправа, не може да се води управен спор.

Член 15

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина може привремено да ја задржи странската патна исправа што му припаѓа на странец:

1) против кого се води кривична, односно прекршочна постапка — на барање од надлежниот орган;

2) на писмено барање од надлежниот орган на општествено-политичката заедница, на организацијата на здружен труд односно на друга самоуправна организација или заедница — ако на друг начин не ќе може да се изврши неговата втасана обврска;

3) ако тоа го бара заштитата на јавниот поредок или ако тоа го бараат интересите на одбраната на земјата.

Овластеното лице на органот што привремено задржало странска патна исправа, за тоа му издава потврда на странецот чија патна исправа е задржана привремено.

## 2. Туристичка пропусница

Член 16

На странецот кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија доаѓа заради туристичка посета, на граничниот премин може да му се издаде туристичка пропусница ако има важечка национална патна исправа или друга исправа за идентитетот. Туристичката пропусница се издава со рок на важење до 30 дена.

На странците на кружно патување во меѓународниот поморски, речен или воздушен сообраќај туристичка пропусница може да им се издаде и врз основа на списокот на патниците заверен од страна на заповедникот на пловилото односно на заповедникот на воздухопловот. Списокот на патниците треба да содржи: име и презиме, година на раѓањето, државјанство и број на патната исправа на патникот.

Туристичката пропусница ја издава органот во републиката односно во автономната покраина надлежен за контрола на преминувањето на државната граница.

Член 17

Туристичката пропусница содржи: натпис — „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“; назив на органот што ја издал пропусницата; назив: „ТУРИСТИЧКА ПРОПУСНИЦА“; место за запишување на бројот и називот на патната исправа или на друга исправа за идентитетот на странецот кому што му се издава пропусницата; број на пропусницата; простор за заверка на влегувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија; отпечаток на печатот на органот што ја издава пропусницата и упатство за нејзиното користење.

### 3. Визи

Член 18

За доаѓањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или за заминувањето од неа, односно за преминувањето преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на странецот му се издава виза.

Визата се издава за едно, за повеќе или за неограничен број патувања.

Визата се издава со рок на важење до една година, односно до рокот на важењето на странската патна исправа врз основа на која се издава визата, ако тој рок е покус од една година.

На персоналот на дипломатското или на конзуларното претставништво на странска држава во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може, под услов на реципроцитет, да му се издаде виза со рок на важење подолг од една година.

Член 19

Во визата која се издава на семеен пасош се запишува бројот на лицата кои патуваат со носителот на пасошот и кои се запишани во пасошот, а во визата што се издава на заеднички (колективен) пасош — името и презимето на водачот на групата и бројот на членовите на групата.

На странците кои привремено престојуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а сакаат да одат на излет во соседна земја, на барање од организацијата на здружен труд што го организира туристичкото патување, може да им се издаде виза на списокот на лицата што патуваат. Во визата се запишуваат името и презимето на водачот на групата и бројот на членовите на групата.

Списокот од став 2 на овој член го содржи името и презимето на членовите на групата и бројот на нивните патни исправи. Списокот го заверува одговорното лице во организацијата на здружен труд што го организира туристичкото патување.

Член 20

На странецот што ќе побара виза за преминување преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе му се издаде транзитна виза само ако има влезна виза на соседната држава во која патува или преку чија територија го продолжува патувањето, ако со меѓународен договор не е ослободен од обврската да има таква виза.

Член 21

Дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство издава виза:

1) на странец кој доаѓа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија заради постојано населување;

2) на странец кој доаѓа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија заради привремено престојување или заради минување преку нејзината територија;

3) на странец кој доаѓа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или минува преку нејзината територија, а има дипломатски или службен пасош;

4) на странец — поморец или на странец — бродарец, на поморска односно бродарска книшка — ако доаѓа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија заради качување на брод во југословенска лука или пристаниште, или кој минува преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија заради качување на брод во странска лука или пристаниште или кој по слегувањето од брод во странска лука или пристаниште се враќа во својата земја.

Член 22

Органот во републиката односно во автономната покраина надлежен за контрола на преминувањето на државната граница издава виза:

1) на странец кому што дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија му издало транзитна виза, а тој ќе поднесе барање да му се издаде виза за привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) на странец кој заминува од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а му истекол рокот на важењето на визата со која дошол во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) на странец кој ќе слезе во југословенска лука или пристаниште заради враќање во својата земја или заминување во некоја друга странска земја;

4) на странец кој е вработен на превозно средство во меѓународниот сообраќај.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи може да пропише органот во републиката односно во автономната покраина, надлежен за контрола на преминувањето на државната граница, да може да им издаде виза и на други странци.

Член 23

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина му издава виза на странец:

1) кој заминува од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а му истекнал рокот на важењето на визата;

2) кој за време на привремениот престој или постојаното населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе побара виза за заминување во странство и враќање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) кој се иселува од Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

4) кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија дошол врз основа на меѓународен договор за пограничниот сообраќај;

5) кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја загубил патната исправа или на друг начин останал без патна исправа, а заминува од Социјалистичка Федеративна Република Југославија со нова патна исправа или со патен лист за странци;

6) кому што му е издаден патен лист за странци заради иселување од Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

7) кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија влегол со туристичка пропусница, а дипломатското или конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е тој му издало патна исправа.

Член 24

Сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи издава виза на персоналот на дипломатските или конзуларните претставништва на странски држави во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на персоналот на други странски мисии што имаат дипломатски статус во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 25

Виза или туристичка пропусница нема да се издаде, односно нема да се дозволи влегување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија на странец:

1) кој извршил кривично дело против човечноста и меѓународното право;

2) кому што му е изречена мерка на безбедност протерување од земјата — за времето за кое таа мерка е изречена;

3) кому што му е изречена заштитна мерка отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за времето за кое таа мерка е изречена;

4) кому, што му е откажано престојувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија — за времето за кое таа мерка е изречена;

5) кој се води во евиденцијата на надлежниот орган во Социјалистичка Федеративна Република Југославија како меѓународен престапник;

6) кој има патна исправа на странска држава чиј државјанин не е, освен ако во таквата патна исправа изречно не е назначено дека има право на враќање во државата што му ја издала патната исправа или визата.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи може да одлучи виза или туристичка пропусница да не се издаде или влегување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија да не им се дозволи на странци и во други случаи, ако тоа го бараат причините на заштитата на јавниот поредок, односно ако тоа го бара заштитата на интересите на одбраната на земјата или причини што произлегуваат од меѓународните односи.

Член 26

Барањето за издавање виза или туристичка пропусница може да се одбие односно влегувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да му се забрани на странец:

1) кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија е осуден поради кривично дело што се гони по службена должност;

2) кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија е казнет поради девизен или царински прекршок или поради прекршок на јавниот ред и мир;

3) кој нема средства за издржување, а издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не му е обезбедено на друг начин.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи може да определи надлежниот орган да може на определени странци да им издаде виза, односно туристичка пропусница, или да им одобри влегување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија само со претходна согласност од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 27

Ако се утврди дека во времето на издавањето на визата постоела или дека потоа настапила некоја од причините од член 25 на овој закон, визата ќе се поништи.

Ако се утврди дека во времето на издавањето на визата постоела или дека потоа настапила некоја од причините од член 26 на овој закон, визата може да се поништи.

Поништувањето на визата од ст. 1 и 2 на овој член може да го изврши органот што ја издал таа виза или друг орган надлежен за издавање на виза

Член 28

Во решението со кое се одбива барањето за издавање виза или во решението за поништување на издадената виза од причини и заштитата на јавниот поредок, или од причини на заштитата на интересите на одбраната на земјата, или од причини што произлегуваат од меѓународните односи, надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање виза или решението со кое се поништува издадената виза не може да се води управен спор.

Член 29

На странецот кој се иселува од Социјалистичка Федеративна Република Југославија му се издава виза ако кон барањето за издавање виза приложи докази:

1) дека ги намирил долгуваните обврски спрема општествено-политичката заедница;

2) дека ги регулирал имотно-правните обврски од брачниот однос или од односот родители и деца спрема лицата што живеат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 30

На странецот нема да му се издаде виза за заминување од Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако против него се води кривична или прекршочна постапка — ако тоа го побара органот што ја води постапката.

## III. ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИТЕ

### 1. Привремен престој

Член 31

Странецот кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе дојде со странска патна исправа може за време на важењето на визата привремено да престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија до три месеци, а ако минува преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — до седум дена, сметајќи од денот на преминувањето на државната граница.

На странецот од став 1 на овој член, по негово барање, може да му се одобри привремен престој и над три месеци, односно над седум дена.

Во барањето за одобрение на привремен престој странецот е должен да ги наведе причините поради кои бара одобрение на привремен престој. Ако тоа од него го бара надлежниот орган, странецот е должен кон барањето да приложи докази за оправданоста на причините поради кои бара одобрение на

привремен престој и за тоа дека располага со средства за издржување, односно дека издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија му е обезбедено на друг начин.

Барањето за одобрение на привремен престој се поднесува пред истекот на рокот од став 1 на овој член.

Член 32

Странецот кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија доаѓа заради школување, специјализација, научно истражување, вработување или вршење на определени професионални дејности е должен во рок од три дена од денот на влегувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија да поднесе барање за одобрение на привремен престој.

Ако странецот од став 1 на овој член доаѓа во организација на здружен труд, во друга самоуправна организација или заедница односно во државен орган, барањето за одобрение на привремен престој на странец, во рок од седум дена од денот на неговото доаѓање во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, должни се да го поднесат организацијата или заедницата односно државниот орган во кој тој странец дошол.

Член 33

Привремен престој на странецот му одобрува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје странецот има престојувалиште.

Одобрението за привремен престој се издава со рок на важење до една година, односно до истекот на рокот на важењето на странската патна исправа ако тој рок е покус од една година.

Кога за тоа постојат оправдани причини, привремениот престој на странецот може да му се продолжува и тоа секој пат со рокот наведен во став 2 на овој член.

Член 34

Привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија нема да му се одобри на странец:

1) кому, што според одредбите на член 25 од овој закон не можело да му се одобри влегување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) кој за себе дал неточни податоци или се послужил со лажна исправа;

3) кој се послужил со туѓа патна исправа или својата патна исправа ја дал на друг да се послужи со неа;

4) кој на недозволен начин дошол во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а не му е признаен статус на бегалец, односно не му е признаено право на азил;

5) кој нема средства за издржување или издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не му е обезбедено на друг начин;

6) кој му помогнал или го поттикнал друг да ја помине на недозволен начин државната граница на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 35

На странецот му престанува привремениот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија:

1) ако му е изречена мерка на безбедно протерување од земјата или заштитна мерка отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) ако му е откажен престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) ако надлежниот орган го одбил неговото барање за одобрение на привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 36

Привремениот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да му се откаже на странецот:

1) кој не се придржува кон прописите што важат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или не ги извршува одлуките на државните органи;

2) кој ќе остане без средства за издржување, а издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не му е обезбедено на друг начин;

3) кој се занимава со скитање или просјачење;

4) кога тоа го бараат причините на заштитата на јавниот поредок или кога тоа го бараат интересите на одбраната на земјата.

Решение за откажување на привремениот престој донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје странецот има престојувалиште. Во решението се определува рокот во кој странецот мора да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и времето за кое не може повторно да дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Жалба против решението од став 2 на овој член може да се изјави во рок од три дена од денот на приемот на решението.

Член 37

Во решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение на привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија од причини на заштитата на јавниот поредок или од причини на заштитата на интересите за одбрана на земјата, надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководи при донесувањето на таквото решение.

Против решението со кое се одбива барањето за одобрение на привремен престој, односно против решението за откажување на привремениот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, не може да се води управен спор.

**2. Постојано населување**

Член 38

Странецот може постојано да се насели во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако од надлежниот орган добил за тоа одобрение.

Одобрението од став 1 на овој член престанува да важи ако странецот не се насели во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во рок од една година од денот на доставувањето на одобрението.

Член 39

Постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да му се одобри на странец:

1) кому што некој од членовите на потесното семејство (брачен другар, дете, родител) е државја-

нин на СФРЈ или на странец кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) кој склучил брак со државјанин на СФРЈ;

3) кој е од југословенско потекло.

Постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може, по исклучок, да им се одобри и на други странци.

Кон барањето за одобрение на постојано населување странецот е должен да приложи докази дека му се обезбедени средства за издржување.

Член 40

Постојаното населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија го одобрува сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 41

На странецот му престанува правото на постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија:

1) кога ќе се исели од Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) кога престојува во странство непрекинато подолго од една година, ако таков престој не му е одобрен;

3) кога му е изречена мерка на безбедност протерување од земјата или заштитна мерка оддалечување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

4) кога му е откажан понатамошниот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

Решение за престанок на правото на постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 42

Во решението со кое се одбива барањето за одобрение на постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Против решението со кое му е одбиено барањето за одобрение на постојано населување и против решението за престанок на правото на постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странецот може да изјави жалба до Сојузниот извршен совет.

Против решението донесено по жалбата од став 2 на овој член не може да се води управен спор.

Член 43

На странецот кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да му се откаже понатамошното престојување:

1) ако е осуден поради кривично дело против основите на социјалистичкото самоуправно уредување и безбедноста на СФРЈ или друго потешко кривично дело;

2) ако останал без средства за издржување, а издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија не му е обезбедено на друг начин;

3) ако тоа го бараат причините на заштитата на јавниот поредок или ако тоа го бараат интересите на одбраната на земјата.

Решение за откажување на натамошниот престој на странец кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје странецот има живеалиште.

Во решението со кое се откажува понатамошниот престој на странец кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија од причините на заштитата на јавниот поредок или од причините на заштитата на интересите на одбраната на земјата, надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Во решението од став 2 на овој член се определува рокот во кој странецот мора да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Тој рок не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од шест месеци.

**3. Право на азил**

Член 44

На странецот кој е прогонет поради своето залагање за демократски погледи и движења, за социјално и национално ослободување, за слободата и правата на човековата личност или за слобода на научното или уметничкото создавање, ќе му се признае правото на азил во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 45

За признавањето односно за одземањето на правото на азил одлучува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Странецот кому што му е признато правото на азил стекнува и право на постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 46

На странецот кому што му е признато правото на азил му се обезбедува сместување, средства за издржување и здравствена заштита.

Средствата за сместување, издржување и здравствена заштита на странците на кои им е признато правото на азил се обезбедуваат од буџетот на федерацијата.

Под сместување, во смисла на став 1 од овој член, се подразбира давање соодветен стан на користење или давање парична помош потребна за обезбедување простории за домување.

За сместувањето, доделувањето средства за издржување и за здравствената заштита на странците на кои им е признато правото на азил се грижи сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството и социјалната заштита.

Член 47

Износот на паричните средства потребни за сместување и издржување на странците на кои им е признато правото на азил, како и обемот на здравствената заштита и мерилата и условите за користење и начинот на остварувањето на тој вид заштита ги определува Сојузниот извршен совет за секој поединечен случај, а на предлог од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи и од сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството и социјалната заштита.

Член 48

**На странецот кој дејствува против со Уставот на СФРЈ утврдениот поредок или против меѓународните интереси на Социјалистичка Федеративна Република Југославија може да му се одземе правото на азил.**

Во решението за одземање правото на азил се наведува и рокот во кој странецот мора да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Тој рок не може да биде покус од 30 дена ни подолг од шест месеци.

Член 49

Против решението со кое е одбиено барањето за признавање правото на азил и против решението за кое правото на азил е одземено странецот може да изјави жалба до Сојузниот извршен совет.

Против решението донесено по жалбата од став 1 на овој член не може да се води управен спор.

**4. Бегалци**

Член 50

На странецот кој ја напуштил државата чиј државјанин е или во која бил постојано населен како лице без државјанство за да го избегне прогонувањето поради своите напредни политички стремежи или националната, расната или верската припадност, може во Социјалистичка Федеративна Република Југославија да му се признае статусот на бегалец.

Член 51

Статусот на бегалец не ќе му се признае на странецот за кого оправдано ќе се посомнева дека извршил кривично дело против човечноста и меѓународното право или дека дејствувал во спротивност со целите и начелата на Организацијата на обединетите нации.

Барањето на странецот за признавање на статусот на бегалец може да му се одбие и од причините на заштитата на јавниот поредок или од причините на заштитата на интересите на одбраната на земјата.

Ако причините од ст. 1 и 2 на овој член постоеле пред признавањето на статусот на бегалец, а надлежниот орган за нив узнал подоцна или настапиле по признавањето на тој статус, статусот на бегалец ќе се одземе.

Општа грижа за прифаќањето, сместувањето и обезбедувањето средства за издржување на странците на кои им е признат статусот на бегалец води сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 52

Децата на странците на кои им е признат статусот на бегалец ги уживаат сите права како и нивниот родител кому што му е признат статусот на бегалец.

По наполнети 18 години возраст, лицата од став 1 на овој член се третираат како и другите странци на привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 53

За признавање односно одземање на статусот на бегалец одлучува сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Против решението со кое му е одбиено барањето за признавање на статусот на бегалец и против решението со кое му е одземен статусот на бегалец, странецот може да изјави жалба до Сојузниот извршен совет.

Против решението донесено по жалбата од став 2 на овој член не може да се води управен спор.

Член 54

На странецот кому што му е признат статусот на бегалец му престанува тој статус:

1) ако побара заштита на државата чиј државјанин е или во која бил постојано населен како лице без државјанство;

2) ако може да се врати во државата чиј државјанин е или во која бил постојано населен како лице без државјанство, бидејќи престанале причините поради кои избегал од таа држава;

3) ако доброволно се врати во државата од која избегал;

4) ако стекне државјанство на друга држава.

Член 55

На странецот кому што е признат статусот на бегалец му се обезбедува нужно сместување, средства нужни за издржување и здравствена заштита до заминувањето во друга земја или до стекнувањето услови за самостојно издржување, а најдолго две години од денот на поднесувањето барање за признавање на статусот на бегалец. Ограничувањето во поглед на рокот не се однесува на странецот кој е неспособен за стопанисување и не може самостојно да се издржува.

Како нужно сместување и средства неопходни за издржување, во смисла на став 1 од овој член, се смета паричната помош нужна за обезбедување просторни за домување и за издржување на странецот кому што му е признат статутот на бегалец и на членовите на неговото семејство. Износот на паричните средства се определува според бројот и возраста на членовите на неговото семејство кои не се државјани на СФРЈ, имотната состојба и способноста за стопанисување, а зависно од тоа дали странецот кому што му е признат статусот на бегалец се наоѓа на стручно оспособување.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, под нужно сместување и средства неопходни за издржување се подразбира и надоместот на трошоците за сместување на странецот кому што му е признат статус на бегалец во соодветна организација на здружен труд, ако таквото сместување му е неопходно поради старост, самохраност или неспособност за стопанисување.

Средствата неопходни за издржување и за нужно сместување на странците на кои им е признат статусот на бегалец, како и за надомест на трошоците од став 3 на овој член, се обезбедуваат во буџетот на федерацијата.

Член 56

Износот на паричните средства неопходни за издржување и за обезбедување нужно сместување на странците на кои им е признат статусот на бегалец, како и обемот на здравствената заштита и мерилата и условите за користење и начинот на остварувањето на тие форми на заштита, ќе ги пропише Сојузниот извршен совет.

Член 57

За сместување на странците на кои им е признат статусот на бегалец може да се организира прифатилиште за бегалци.

Прифатилиштето од став 1 на овој член го формира и се грижи за него сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Странците на кои им е признат статусот на бегалец во прифатилиштето за бегалци ги упатува сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Органот од став 2 на овој член се грижи за обезбедувањето средства за издржување и здравствена заштита на тие странци за времето додека се наоѓаат во прифатилиштето за бегалци.

Член 58

За сместувањето и обезбедувањето на средствата неопходни за издржување и оспособување за самостојно издржување на странците на кои им е признат статусот на бегалци, а кои не се сместени во прифатилиштето за бегалци, се грижи сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството и социјалната заштита во соработка со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 59

Престојувалиштето на странецот кому што му е признат статусот на бегалец, а кој не е сместен во прифатилиштето за бегалци, го определува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Решението за обезбедување сместување и за доделување средства неопходни за издржување на странец од став 1 на овој член го донесува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје е определено престојувалиштето на тој странец.

Против конечното решение од став 2 на овој член не може да се води управен спор.

Член 60

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ќе го откаже престојувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија на странец кому што му е признат статусот на бегалец, ако тоа го бара заштитата на јавниот поредок или ако тоа го бара заштитата на интересите на одбраната на земјата или ако статусот на бегалец му е одземен.

Во решението за откажување на престој на странец од став 1 на овој член се определува рокот во кој странецот мора да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. При определувањето на тој рок ќе се зема предвид времето потребно странецот да го прими друга држава.

Во решението со кое на странец кому што му е признат статусот на бегалец му се откажува престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија од причините на заштитата на јавниот поредок и од причините на заштитата на интересите на одбраната на земјата, надлежниот орган не мора да ги наведе причините со кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Против решението за откажување на престојот на странец кому што му е признат статусот на бегалец не може да се води управен спор.

**5. Присилно отстранување**

Член 61

Странецот кому што му е изречена мерка на безбедност протерување од земјата или заштитна мерка отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, или кому што му е откажан престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, или кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија престојува без одобрение од надлежниот орган, должен е да ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во рокот што ќе го определи надлежниот орган.

Ако странецот од став 1 на овој член не ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во определениот рок, а има важечка патна исправа, ќе биде спроведен до државната граница и присилно отстранет од Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Странецот од став 1 на овој член што не ќе ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во определениот рок а нема важечка патна исправа, ќе биде упатен односно спроведен до дипломатското или конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е заради добивање на патна исправа. Ако тоа претставништво одбие на странецот да му издаде патна исправа, странецот ќе биде упатен односно спроведен до државната граница и ќе му биде предаден на надлежниот орган на соседната држава, ако тој е нејзин државјанин или на надлежниот орган на друга држава која ќе се согласи да го прифати.

Кога спроведувањето на странецот во прифатилиште за странци односно до државната граница заради присилно отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го врши органот во републиката односно во автономната покраина, тој орган е должен претходно да прибави согласност од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи. Оваа согласност се дава најдоцна во рок од два дена од денот на приемот на барањето за давање согласност.

Член 62

За сместување на странецот од член 61 на овој закон, на странецот што на недозволен начин ќе дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или ќе престојува во неа без одобрение од надлежниот орган, на странецот чијшто идентитет не може да се утврди, на странецот кому што не му е одобрен привремен престој односно не му е признато правото на азил, односно не му е признат статутот на бегалец, а кои од која и да било причина не можат веднаш да се отстранат од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се организира прифатилиште за странци.

Прифатилиштето од став 1 на овој член го формира и за него се грижи сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

За упатувањето на странецот во прифатилиште за странци одлучува сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, по предлог од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 63

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина може да определи присилно престојувалиште или да го упати во друго место во кое му е обезбедено издржување странецот од член 61 на овој закон или странецот кој на недозволен начин дошол во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или кој престојува во неа без одобрение од надлежниот орган, или странецот чијшто идентитет не може да се утврди, или странецот на кој не му е одобрен привремен престој односно признато правото на азил, односно статусот на бегалец, а кој од која и да е причина не може веднаш да се отстрани од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и има средства за издржување или издржувањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија му е обезбедено на друг начин.

Член 64

Трошоците за спроведување до дипломатското или конзуларното претставништво или до прифатилиштето за странци или до државната граница паѓаат врз товар на странецот кој се спроведува.

Ако странецот кој се спроведува нема средства, трошоците за спроведување паѓаат врз товар на средствата на буџетот на федерацијата.

**6. Движењето на странците во униформа**

Член 65

За време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странците можат да носат странска воена униформа:

1) ако престојуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија како членови на дипломатско или конзуларно претставништво на странска држава или на друга странска мисија, која во Социјалистичка Федеративна Република Југославија има дипломатски статус, во својството на воени претставници — за времетраењето на мисијата;

2) ако како членови на странски воени мисии или на странски воени делегации престојуваат во службена посета на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) ако се наоѓаат на школување во училиштата на Југословенската народна армија;

4) ако како членови на странски воени мисии или на странски воени делегации, со дипломатски или службени пасоши, преминуваат преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на народната одбрана, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, може да им одобри носење на странски воени униформи и на други странци за време на нивниот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 66

За време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странците можат да носат странска полициска или странска царинска униформа:

1) ако како членови на делегации на странски полициски или странски царински органи престојуваат во службена посета на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

2) додека вршат служба на заедничка контрола на преминувањето на државната граница на делот од граничниот премин кој му припаѓа на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) ако како членови на странски полициски или странски царински делегации, со дипломатски или службен пасош, преминуваат преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**7. Основање и престанок на работата на здруженија на странците**

Член 67

Странците што престојуваат во Социјалистичка Федеративна Република Југославија можат да основаат здруженија заради остварувањето на културни, научни, технички и други слични цели.

Член 68

Здруженија на странците се основаат врз основа на одобрение од надлежниот орган.

Одобрението за основање на здружение на странците што дејствува на територијата на една република односно автономна покраина го дава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, а за основање на здружение на странците што дејствува на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или на територијата на две или повеќе републики односно автономни покраини — сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 69

Основање на здружение на странците може да се одобри по барање од најмалку десет полнолетни странци, кои се постојано населени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија или во неа престојуваат подолго од една година.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, основање на здружение на странците може да им се одобри и на странците кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија престојуваат пократко од една година заради школување, специјализација, научно истражување, вработување или вршење на определена професионална дејност.

Член 70

Барањето за одобрение основање на здружение на странците треба да содржи: назив и седиште на здружението, цели на здружението и средства со кои тие цели ќе се остваруваат. Кон барањето се прилагаат записникот од основачкото собрание на здружението и усвоените правила (статусот) на здружението во два примерока.

Правилата (статутот) на здружението на странците треба да ги содржат: целта на здружувањето и средствата со кои таа цел ќе се постига; правата и должностите на членовите на здружението; правата и должностите на органите на здружението; начинот на стапувањето во членство во здружението; престанувањето на членството и истапувањето од здружението; застапувањето на здружението; начинот на обезбедувањето средства потребни за работа на здружението; називот на седиштето на здружението и начинот на располагање со имотот во случај на престанување на работата на здружението.

Одржувањето на основачкото собрание на здружението на странците основачите се должни да го пријават до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Член 71

Ако органот надлежен за давање одобрение за основање здружение на странците утврди дека правилата (статутот) на здружението не содржат некои од елементите кои се суштествено значење за давање одобрение за основање здружение, ќе побара од основачот правилата да се дополнат во определен рок.

Член 72

Основање на здружение на странците се одобрува со решение кое содржи: назив на здружението, дејност на здружението, седиште на здружението и подрачје на кое може да дејствува здружението.

Органот надлежен за давање одобрение за основање здружение на странците води евиденција за здруженијата чиешто основање го одобрил.

Здружението на странците стекнува својство на правно лице и може да почне со работа со денот на правосилноста на решението за одобрение на основањето.

Со решението за одобрение на основањето здружение на странците, на основачите им се враќа и по еден примерок од правилата (статусот) на здружението, заверен од органот што го одобрил основањето на здружението.

Член 73

Барањето за одобрение основање на здружение на странците ќе се одбие, односно работата на здружението на странците ќе се забрани, ако неговата дејност не е во согласност со правилата (статутот) на здружението или ако е насочена кон:

1) соборување или промена на поредокот утврден со Уставот на СФРЈ;

2) разбивање на братството и единството на народите и народностите на Југославија, или кон разгорување на национална, расна или верска омраза;

3) загрозување на независноста и територијалната целокупност на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или кон загрозување на мирот или рамноправната меѓународна соработка;

4) вршење кривични дела или кон поттикнување за вршење на такви дела.

Против решението за одбивање на барањето за одобрение на основањето на здружение на странците односно решението со кое се забранува работата на здружение на странците, а кое го донел сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, може да се изјави жалба до Сојузниот извршен совет.

Против решението за одбивање на барањето за одобрение на основање на здружение на странците односно решението за забрана на работата на здружение на странците не може да се води управен спор.

Член 74

Странецот може да биде член на здружение на граѓаните на СФРЈ, ако тоа е предвидено со правилата (статутот) на тоа здружение.

Член 75

Надзор над законитоста на работата на здружението на странците врши органот што донел решение за одобрение на основањето на тоа здружение.

**8. Набавување и носење на оружје и личното име**

Член 76

За време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странецот може да набавува, носи и држи оружје и муниција, под условите утврдени со републички односно покраински пропис.

Член 77

Странецот е должен за време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија да се служи со личното име што го добил според прописите на својата земја, ако со закон или со меѓународен договор не е определено поинаку.

## IV. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО И ЖИВЕАЛИШТЕТО И ОДЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО

Член 78

Странецот кој престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија е должен на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина да му го пријави престојот и промената на адресата на станот, а странецот на кој му е одобрено постојано населување — и да го пријави односно одјави живеалиштето.

Член 79

Како престојувалиште, во смисла на овој закон, се смета местото во кое странецот привремено престојува.

Како живеалиште, во смисла на овој закон, се смета местото во кое странецот кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Република Југославија е населен со намера во него да живее постојано.

Член 80

Странецот на кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија е должен на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина да му го пријави живеалиштето и промената на адресата на станот во живеалиштето во рок од 8 дена од денот на доаѓањето во живеалиштето, односно од денот на промената на адресата на станот, и да го пријави престојот и промената на адресата на станот во рок од 24 часа од доаѓањето во местото на престојувалиштето, односно од денот на промената на адресата на станот во престојувалиштето.

Странецот е должен да го одјави живеалиштето пред денот на напуштањето на живеалиштето.

Член 81

Организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и поединците што им даваат услуги за сместување на странците со наплата, како и лицата кај кои странците доаѓаат во посета, се должни на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина да го пријават престојот на странците, во рок од 12 часови од часот на давањето услуги за сместување на странецот, односно од часот на доаѓањето на странецот во посета.

Странецот кој не ги користи услугите на сместувањето од став 1 на овој член е должен на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина да му ги пријави престојот и промената на адресата на станот наредниот ден од денот на доаѓањето во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно во рок од 24 часа од часот на промената на престојот или промената на адресата на станот.

Функционер кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи може, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, да пропише определени странци да не бидат должни да го пријавуваат својот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Пријавувањето на престојот на странците може да се врши и преку туристички организации.

Член 82

Организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и поединците што им даваат услуги за сместување на странци со наплата се должни да водат евиденција за странците на кои им даваат услуги за сместување — книга на странците.

Книгата на странците ја заверува надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

Организациите и поединците од став 1 на овој член се должни да ја чуваат книгатаа на странците најмалку три години од денот на нејзиното заклучување.

Организациите и поединците од став 1 на овој член се должни на овластеното лице на надлежниот орган да му ја ставaт на увид книгата на странците.

## V. ИСПРАВИ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ

Член 83

Странецот може да го докаже својот идентитет со: странска патна исправа, патна исправа за странци издадена од надлежниот орган на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, лична карта за странец, како и со друга исправа, снабдена со фотографија, со која може да се утврди неговиот идентитет.

Странецот е должен, по барање на овластеното лице од надлежниот орган, да ја покаже исправата со која го докажува својот идентитет.

### 1. Лична карта за странец

Член 84

Лична карта за странец се издава: на странецот на кому што му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на странецот на кому што му е одобрен привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а кој нема странска патна исправа.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член лична карта за странец може да му се издаде на странецот на кој му е одобрен привремен престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, иако има важечка странска патна исправа, ако тој странец односно дипломатското или конзуларното претставништво на државата чијшто е државјанин поднесе барање за издавање на лична карта за странец.

На странец кој е член на дипломатското или конзуларното претставништво на странска држава или е член на друга странска мисија која во Социјалистичка Федеративна Република Југославија има дипломатски статус му се издава посебна лична карта.

Член 85

Лична карта за странец издава надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чиешто подрачје е живеалиштето односно престојувалиштето на странецот на кој му се издава лична карта за странец.

Од странец на кој му се издава лична карта за странец се зема отисок на показалецот на десната рака.

Посебната лична карта од член 84 став 3 на овој закон ја издава сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи.

Член 86

Барање за издавање лична карта за странец може да поднесе странецот кој наполнил 18 години возраст, како и странецот помлад од 18 години кој склучил брак или кој засновал работен однос.

Член 87

Барањето за издавање лична карта за странец се поднесува на пропишаниот образец.

Кон барањето за издавање лична карта за странец се прилагаат две фотографии со пропишаната големина, кои верно го прикажуваат подносителот на барањето односно лицето за кое се поднесува барањето.

Член 88

Барањето за издавање лична карта за странец се поднесува во рок од 30 дена од денот на доаѓањето на странецот во живеалиштето односно престојувалиштето или во рок од 30 дена од денот кога странецот склучил брак или засновал работен однос.

Член 89

Образецот на личната карта за странец содржи: натпис „Социјалистича Федеративна Република Југославија"; назив на органот што ја издал личната карта за странец; натпис „Лична карта за странец"; број на личната карта; место за фотографија; место за запишување на податоците за странецот, и тоа: име и презиме, ден, месец и година на раѓањето, место на раѓањето, државјанство, живеалиште и адреса на станот; својство во кое странецот престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија; датум на издавањето на личната карта за странец; отпечаток на печатот на органот што ја издал личната карта за странец и потпис на овластеното лице.

Член 90

Лична карта за странец му се издава на странецот на кој му е одобрено постојано населување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија со рок на важење од пет години.

На странецот на кој му е одобрено привремено престојување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија личната карта за странец му се издава со рокот на важењето на одобрението за привремен престој, но не подолго од една година.

Важењето на личната карта за странец која му се издава на странецот од став 1 на овој член може да се продолжува, со тоа што нејзиното вкупно важење не може да биде подолго од 10 години.

Важењето на личната карта за странец која му се издава на странецот од став 2 на овој член може да се продолжува, со тоа што нејзиното вкупно важење не може да биде подолго од 5 години.

Член 91

Странецот е должен личната карта за странец да ја носи со себе.

Странецот не смее својата лична карта за странец да му ја даде на друг на послуга, односно да се послужи со туѓа лична карта како со своја.

Член 92

Личната карта за странци се заменува кога е оштетена или дотраена, или кога од други причини не може повеќе да служи за својата намена.

Странецот е должен во рок од осум дена од денот на настапувањето на која и да било причина од став 1 на овој член да поднесе барање до надлежниот орган за замена на личната карта за странец.

Овластеното лице на надлежниот орган може да му наложи на странецот да поднесе барање за замена на личната карта за странец ако при легитимирањето на странецот утврди дека постои некоја од причините од став 1 на овој член.

Член 93

Странецот е должен издадената лична карта за странец да му ја врати на надлежниот орган:

1) кога ќе стекне државјанство на СФРЈ;

2) кога ја напушта Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

3) кога му е изречена мерка на безбедност протерување од земјата односно заштитна мерка отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или кога му е откажан натамошниот престој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

### 2. Исчезнување или загубување на личната карта за странец или на друга исправа за идентитетот

Член 94

Исчезнувањето или загубувањето на личната карта за странец, на патната исправа или на друга исправа за идентитетот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија странецот е должен без одлагање, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на узнавањето за загубувањето односно исчезнувањето на личната карта за странец односно на друга исправа за идентитетот, да му го пријави на надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чие подрачје ја загубил исправата или на чие подрачје узнал за нејзиното исчезнување или загубување.

Органот од став 1 на овој член ќе му издаде на странецот потврда за пријавувањето на загубувањето или исчезнувањето на личната карта за странец или на друга исправа за идентитетот.

Член 95

Странецот кој во странство ќе ја загуби или на друг начин ќе остане без патна исправа издадена од надлежниот орган на Социјалистичка Федеративна Република Југославија должен е тоа да му го пријави на најблиското дипломатско или конзуларно претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство.

Дипломатското или конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство ќе му издаде на странецот од став 1 на овој член нова патна исправа, по прибавена согласност од сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 96

Странецот кој во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе ја загуби патната исправа или на друг начин ќе остане без неа должен е кон барањето за издавање нова патна исправа или кон барањето за издавање виза на новата странска патна исправа, да ја приложи потврдата за пријавувањето на загубувањето или исчезнувањето на патната исправа што порано ја имал.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 97

За постојано населените странци, за странците што привремено престојуваат или минуваат преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за основањето и престанокот на работата на здруженијата на странците, како и за исправите и визите што на странците им ги издава надлежниот орган на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се води евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој член ја водат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина, сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи и дипломатските или конзуларните претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, во рамките на својата надлежност.

Член 98

Евиденција за потрошокот на средствата за сместување и материјално обезбедување на странците на кои им е признаен статусот на бегалец води надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина.

За потрошокот на средствата од став 1 на овој член надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина го известува сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството и социјалната заштита.

## VII. ОВЛАСТУВАЊА И НАДЗОР

Член 99

Се овластува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи:

1) да го пропише начинот на издавање на патни и други исправи и визи на странци, начинот на одобрување привремен престој, начинот на одобрување постојано населување, начинот на признавање на статусот на бегалец и пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето и пријавувањето на престојувалиштето и начинот на водењето регистарот за странци;

2) да го пропише обрасцот: на патниот лист за странец, на туристичката пропусница, на личната карта за странец, на одобрението за постојано населување, на одобрението за привремен престој и на визата што им се издава на странци, како и обрасците на барањата за нивно издавање;

3) да го пропише обрасцот врз кој се врши пријавување и одјавување на живеалиштето и пријавување на престојот и обрасците на евиденциите што, според одредбите од овој закон, ги водат организациите на здружен труд, други самоуправни организации и поединци кои на странците им даваат услуги на сместување;

4) да го пропише начинот на водење евиденција и известување за постојано населените странци, за странците што привремено престојуваат или минуваат преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, како и за патните исправи и визите што на странците им ги издаваат надлежните органи во републиката односно во автономната покраина;

5) да ја определи цената што надлежните органи ќе ја наплатуваат за обрасците на исправите што им ги издаваат на странци.

Член 100

Се овластува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за надворешни работи, во спогодба со функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи, да ги пропише:

1) начинот на издавање патни исправи и визи на странци во дипломатските или конзуларните претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство;

2) обрасцот и начинот на издавање посебна лична карта што им се издава на членовите на дипломатските или конзуларните претставништва на странски држави или на членовите на други странски мисии кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија имаат дипломатски статус;

3) начинот на издавање визи на членовите на дипломатските или конзуларните претставништва на странски држави или на членовите на други странски мисии кои во Социјалистичка Федеративна Република Југославија имаат дипломатски статус;

4) начинот на водење евиденција и на известување за издадените патни исправи и визи на странци во дипломатските или конзуларните претставништва на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство.

Член 101

Во поглед на работите на влегувањето, движењето и престојот на странците, личното име, здружувањето, набавувањето, држењето и носењето на оружје, функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи може на органите во републиката односно во автономната покраина да им издава задолжителни инструкции за извршување на овој закон.

Член 102

Во поглед на работите околу издавањето патни исправи на странци, одобрувањето престој (привремен престој, постојано населување), признавањето на статусот на бегалец, признавањето на правото на азил, пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето и пријавувањето на престојувалиштето и здружувањето на странците, сојузниот орган на управа-

та надлежен за внатрешни работи може да врши и инспекција над спроведувањето на сојузните прописи.

Органот во републиката односно во автономната покраина во кој се врши инспекција според одредбата од став 1 на овој член е должен да овозможи увид во предметите кои се однесуваат на спроведувањето на соодветните сојузни прописи и да ги даде потребните податоци и известувања.

Ако утврди дека органот во републиката односно во автономната покраина во кој се врши инспекција не ги извршува сојузните прописи од областите наведени во став 1 на овој член или во извршувањето на тие прописи утврди други неправилности, работникот што врши инспекција ќе го запознае со тоа функционерот кој раководи со тој орган и функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежан за внатрешни работи и ќе ги предложи мерките што треба да се преземат.

Член 103

Надзор над потрошокот на средствата за сместување и за материјално обезбедување на странците на кои им е признаен статусот на бегалец врши сојузниот орган на управата надлежен за работите на здравството и социјалната заштита.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 104

Со парична казна до 20.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд или друго право лице:

1) ако не го извести надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина за доаѓањето на припадници на странски вооружени сили или на странски служби за безбедност (член 4 став 3);

2) ако во пропишаниот рок не побара одобрение за привремен престој на странци (член 32 став 2);

3) ако до надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина во пропишаниот рок не поднесе пријава за престојот на странецот на кого му дава услуги на сместување или ако поднесе неуредна пријава (член 81 став 1);

4) ако не води или неуредно ја води книгата за странците на кои им дава услуги на сместување (член 82 став 1);

5) ако на овластеното лице од надлежниот орган не му овозможи увид во книгата за странците на кои им дава услуги на сместување (член 82 став 4).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 2.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд или во друго правно лице.

Член 105

Со парична казна до 3.000 динари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок поединец кој дава услуги на сместување на странци со наплата:

1) ако до надлежниот орган во пропишаниот рок не поднесе пријава за престојот на странецот на кого му дава услуги на сместување или ако поднесе неуредна пријава (член 81 став 1);

2) ако не води или неуредно ја води книгата за странците на кои им дава услуги на сместување со наплата (член 82 став 1);

3) ако на овластеното лице од надлежниот орган не му овозможи увид во книгата за странците на кои им дава услуги на сместување (член 82 став 4).

За прекршокот од став 1 на овој член ќе се казни со парична казна до 2.000 динари и лицето кај кое странецот доаѓа во посета.

Спрема поединец кој дава услуги на сместување на странци со наплата може да се изрече и заштитна мерка забрана на давање услуги на сместување, во траење до две години.

Член 106

Со парична казна до 3.000 динари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок странец:

1) ако дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија кога тоа му е забрането според одредбите од член 25 на овој закон;

2) ако за себе дал неточни податоци или се послужил со лажна исправа (член 34 точка 2);

3) ако се послужил со туѓа патна исправа или својата патна исправа му ја дал на друг да се послужи со неа (член 34 точка 3);

4) ако на недозволен начин дошол во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а не му е признаен статус на бегалец односно не му е признаено право на азил (член 34 точка 4);

5) ако на друг му помогнал или го поттикнал да ја премине на недозволен начин државната граница на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (член 34 точка 6);

6) ако дојде во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во времето за кое му е откажан привремениот престој (член 36 став 2);

7) ако во рокот определен во одлуката на надлежниот орган не ја напушти територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (член 61 став 1).

За прекршокот од став 1 на овој член на странецот ќе му се изрече и заштитна мерка отстранување од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 107

Со парична казна до 2.000 динари или со казна затвор до 15 дена ќе се казни за прекршок странец:

1) ако се движи, престојува или постојано ќе се насели на определено место или на определено подрачје на кое движењето, престојот или населувањето на странци е ограничено или забрането (член 4 став 1);

2) ако престојува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија подолго од 2 дена од денот определен во визата, туристичката пропусница или одобрението за привремен престој, или ако во пропишаниот рок не поднесе барање за одобрување на привремен престој (член 16 став 1, член 31 став 1 и член 32 став 1);

3) ако го напушти местото на престојот што му го определил надлежниот орган (член 63);

4) ако за време на престојот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија носи странска воена, полициска или царинска униформа спротивно на одредбите од законот (чл. 65 и 66);

5) ако на надлежниот орган во пропишаниот рок не му го пријави престојувалиштето, промената на адресата на станот во живеалиштето или ако не го одјави живеалиштето пред напуштањето на местото на живеалиштето (член 80);

6) ако одбегнува на надлежниот орган да му го пријави престојот или промената на адресата на станот во престојувалиштето (член 81 став 2);

7) ако одбие на овластеното лице од надлежниот орган да му ја покаже исправата со која го докажува својот идентитет (член 83 став 2);

8) ако својата лична карта за странец му ја даде на друг на послуга односно ако се послужи со туѓа лична карта за странец (член 91 став 2).

Овластеното лице на органот во републиката односно во автономната покраина, надлежно за контрола на преминувањето на државната граница, може на самото место да је наплати паричната казна од странецот во износ од 300 динара за дејствието од став 1 точка 2 на овој член.

Член 108

Со парична казна до 1.000 динари ќе се казни за прекршок странец:

1) ако на надлежниот орган не му го пријави престојот и промената на адресата на станот во престојувалиштето, кога не престојува во објект на организација на здружен труд, на друга самоуправна организација или на поединец кој на странци им дава услуги на сместување, односно кога не престојува кај лицето кај кое дошол во посета (член 81 став 2);

2) ако во пропишаниот рок не поднесе барање за издавање лична карта за странец (член 88);

3) ако во пропишаниот рок не поднесе барање до надлежниот орган за замена на личната карта за странец (член 92 став 2);

4) ако во пропишаниот рок не му го пријави на надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина исчезнувањето или загубувањето на личната карта за странец, на патната исправа или на друга исправа за идентитетот (член 94 став 1).

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 109

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престенува да важи Законот за движење и престој на странци во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73).

Член 110

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**843.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА И ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС

Се прогласува Законот за измени на Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П бр. 24
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА И ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАНИЧНИОТ ПОЈАС

Член 1

Во Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ" бр. 34/79) во член 54 став 3 зборот: „меѓународен" се брише.

Член 2

Во член 58 ставот 2 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**844.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

Се прогласува Законот за царинската служба, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П бр. 25
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Цвиетин Мијатовиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува организацијата и работата, должностите и одговорностите на органите на царинската служба, како и правата обврските и одговорностите на работниците од органите на царинската служба.

Член 2

Органите на царинската служба непосредно ги извршуваат сојузните закони и други прописи и општи акти во областа на царините и вршат други задачи и работи што со овој или со друг сојузен закон им се ставени во делокруг.

Член 3

Задачите и работите на органите на царинската служба ги врши Сојузната управа за царини и царинарниците како нејзини подрачни органи.

Член 4

Врз организацијата и работата начинот на остварување на самоуправните права, должности и одговорности и врз други односи во органите на царинската служба се применуваат одредбите на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, ако со овој или со друг сојузен закон не е определено поинаку.

## II. ДЕЛОКРУГ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 5

Во делокругот на Сојузната управа за царини и на царинарниците спаѓаат работите на: царинскиот надзор, царинењето на стоки, контролата на стоки чиј увоз, односно извоз посебно е регулиран девизновалутната контрола во меѓународниот патнички и пограничен промет со странство, спречувањето и откривањето на царинските прекршоци и водењето на првостепена и второстепена управна и првостепена прекршочна постапка, спречувањето и откривањето на кривични дела и стопански преступи во царинската постапка, спречувањето и откривањето на девизни прекршоци во меѓународниот патнички и пограничен промет со странство, како и обработката и следењето на статистичките податоци за увозот и извозот.

### 1. Сојузна управа за царини

Член 6

Сојузната управа за царини, во рамките на делокругот од член 5 на овој закон, ги врши особено следните работи:

1) ја организира работата на царинската служба го следи и проучува нејзиниот развој и презема соодветни мерки за нејзиното правилно функционирање;

2) обезбедува еднообразна примена на царинските и други прописи што ги извршуваат органите на царинската служба и врши надзор над работата на царинарниците;

3) решава по жалбите против решенијата на царинарниците донесени во управна постапка и решава во прв степен во управната постапка, кога тоа со закон е пропишано;

4) одлучува за формирањето на организациони единици за вршење на стручни и технички работи за потребите на повеќе царинарници и на Сојузната управа за царини;

5) предлага и реализира програми за подолгорочно кадровско, стручно и техничко унапредување на службата, донесува и реализира соодветни годишни планови и се грижи за обезбедувањето на други услови за успешно извршување на задачите на органите на царинската служба;

6) остварува соработка со организациите на здружен труд, со стопанските комори и со други самоуправни организации и заедници;

7) ги обработува и следи статистичките податоци за увозот и извозот и ги информира учесниците во царинската постапка за прашањата од делокругот на органите на царинската служба како составен дел на системот за општествено информирање.

Член 7

Заради обезбедување на еднообразна примена на сојузните прописи и за успешно извршување на задачите и работите на органите на царинската служба, директорот на Сојузната управа за царини издава упатства за работа на органите на царинската служба.

### 2. Царинарници

Член 8

Царинарниците се основаат во стопанските и сообраќајните центри кога тоа го бараат обемот, структурата и тековите на стоки и услуги во надворешнотрговската размена, патничкиот промет со странство и други оправдани економски интереси.

Член 9

Царинарниците ги основа, спојува и укинува Сојузниот извршен совет, на предлог од Сојузната управа за царини.

Основањето, спојувањето или укинувањето на царинарниците се врши по претходно прибавено мислење од надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина.

Иницијативата за основање, спојување и укинување на царинарниците ја даваат органите на општествено-политичките заедници и стопанските комори.

Член 10

Царинарницита, во рамките на делокругот од член 5 на овој закон непосредно или преку своите организациони единици:

1) врши царински надзор врз стоки, патници и превозни средства;

2) врши царинење на стоки;

3) врши контрола на стоки чиј увоз односно извоз е посебно регулиран;

4) врши девизно-валутна контрола во меѓународниот патнички и пограничен промет со странство;

5) спречува и открива царински прекршоци, кривични дела и стопански престапи во царинската постапка;

6) води во прв степен управна постапка и прекршочна постапка по царински прекршоци;

7) врши и други работи што ѝ се ставени во делокруг со сојузен пропис.

Член 11

Со работата на царинарницата раководи управник.

Управникот на царинарницата е работник со посебни овластувања и одговорности.

Управникот на царинарницата за својата работа и за работата на царинарницата одговара пред директорот на Сојузната управа за царини.

Управникот на царинарницата е должен да го известува директорот на Сојузната управа за царини за состојбата во царинарницата и за нејзината работа, во периоди и на начин што ќе ги определи директорот на Сојузната управа за царини.

Заради остварување соработка со учесниците во царинската постапка, управникот на царинарницата го информира надлежниот орган на општествено-политичката заедница и соодветната стопанска комора за прашањата од делокругот на царинарницата.

Член 12

Управникот на царинарницата го назначува и разрешува од должноста директорот на Сојузната управа за царини, во согласност со Сојузниот извршен совет, која се дава по претходно прибавено мислење од надлежниот орган на републиката односно на автономната покраина на чија територија е седиштето на односната царинарница.

Назначувањето на управникот на царинарницата се врши без јавен конкурс, за период од 4 години.

Управникот на царинарницата може под исти услови повторно да се назначи.

Управникот на царинарницата, кој по истекување на периодот од четири години не ќе биде повторно назначен, се распоредува на задачи и работи што одговараат на неговата стручна подготовка односно на работните способности, во истата царинарница односно во друг орган на царинската служба или и се става на располагање на Сојузната управа за царини.

На управникот на царинцата кој не ќе го прифати распоредот од став 4 на овој член му престанува работниот однос.

Управникот на царинарницата кој според одредбата на став 4 од овој член е ставен на располагање, правата од работниот однос ги остварува во царинарницата, во согласност со законот.

Член 13

Во царинарницата може да постои еден или двајца помошници на управникот.

Помошник-управникот на царинарницата го назначува и разрешува од должноста директорот на Сојузната управа за царини, по претходно прибавено мислење од работната заедница на царинарницата и од управникот на царинарницата.

Помошник-управникот на царинарницата му помага во работата на управникот на царинарницата и врши други работи утврдени со општите акти за организацијата и работата и со систематизацијата на задачите и работите.

Управникот на царинарницата во случај на негова отсутност или спреченост да ги извршува работите и задачите, го заменува работотникот што ќе го определи тој, во согласност со директорот на Сојузната управа за царини.

Член 14

Заради непосредно вршење на работите, на царинење на стоки, спроведување на мерки на царински надзор и контрола на патничкиот промет со странство, царинарницата како свои организациони единици има царински испостави и царински реферати, утврдени со општиот акт за организацијата и работата на Сојузната управа за царини и на царинарниците, што се формираат во седиштето или надвор од седиштето на царинарницата.

Почетокот на работата на организационите единици од став 1 на овој член го определува директорот на Сојузната управа за царини со решение што се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Член 15

Царинарницата има комисија за царински прекршоци, која се именува секоја година, а се состои од претседател и двајца членови, кои имаат свои заменици.

Царинарницата, по потреба, може да има две или повеќе комисии за царински прекршоци.

Претседателот и членовите на комисијата за царински прекршоци, како и нивните заменици, ги именува директорот на Сојузната управа за царини од редот на стручните работници на царинарницата, на предлог од управникот на царинарницата.

Член 16

Царинарницата има службен печат, жиг и штембил, кој се изработува и употребува на начин пропишан со сојузен закон или со пропис донесен врз основа на сојузен закон.

На зградата во која се наоѓа царинарницата, односно нејзина организациона единица, се поставува табла со назив на царинарницата односно на нејзината организациона единица, напишан на јазиците и писмата на народите на Југославија. Ако царинарницата или нејзина организациона единица се наоѓаат на територијата на општина во која во службена употреба е и јазик на народност, називот на царинарницата, односно на нејзината организациона единица, се пишува и на јазикот на таа народност.

## III. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ И НА ЦАРИНАРНИЦИТЕ И ДОХОД НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

### 1. Средства за работа

Член 17

Распоредот на средствата наменети за работа на органите на царинската служба, освен средствата што ги стекнуваат работниците како доход на работните заедници на органите на царинската служба се врши со претсметка што ја донесува директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од работните заедници на органите на царинската служба.

Распоредот на средствата од став 1 на овој член, што и се доделени на царинарницата, се врши со претсметката на царинарницата што ја донесува управникот на царинарницата, по прибавено мислење од работната заедница на царинарницата.

Член 18

Директорот на Сојузната управа за царини одлучува за користењето на средствата од член 17 став 1 на овој закон доделени на Сојузната управа за царини, а управникот на царинарницата — за користењето на средствата од член 17 став 2 на овој закон.

Член 19

На работникот на орган на царинската служба, кој дал вонреден придонес за извршувањето на задачите и работите на органот на царинската служба односно со својата креативна работа, иновација, рационализација или со друг вид на творештво во позначителна мерка придонесол кон резултатите или унапредувањето на работата на органот на царинската служба, може да му се додели соодветен надомест или друг вид на признание.

За доделување на надомест или друг вид на признание врз товар на средствата за посебна намена одлучува директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од работната заедница на органот на царинската служба.

### 2. Стекнување и распоредување на доходот на работни заедници

Член 20

Стекнувањето и распоредувањето на доходот на работната заедница на Сојузната управа за царини и на работните заедници на царинарниците (во натамошниот текст: работни заедници на органите на царинската служба) се уредуваат со самоуправна спогодба, во согласност со сојузниот закон и општествен договор.

Член 21

Поради посебните услови за работа и природата на вршењето на задачите и работите (работа на отворен простор, влијание на издувни гасови на граничен премин, штетност по здравјето со употребата на специфична опрема која е извор на јонизирачки зраци, преглед на превозни средства, патници и стоки и сл.), на органите на царинската служба за определени работи и задачи во основ-

ната дејност им се обезбедуваат средства за лични доходи зголемени за 20% според одредбите на општествениот договор со кој се уредуваат заедничките основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи во работните заедници на сојузните органи во однос на вредноста на задачите и работите утврдени во тој општествен договор, намалени за средствата за минат труд и тие средства влегуваат во средствата за работа на органите на царинската служба.

Сојузниот извршен совет ги утврдува задачите и работите за кои се врши зголемување на средствата по став 1 на овој член, на предлог од директорот на Сојузната управа за царини.

**3. Распределба на доходот на средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка во работните заедници**

Член 22

Работните заедници на органите на царинската служба со самоуправна спогодба ги утврдуваат заедничките основи и мерила за распоредување на доходот на средства за лични доходи и за заедничка потрошувачка, како и за распределба на тие средства, во согласност со начелата за распределба според трудот, што се предвидени со општествено утврдени основи и мерила.

Во работната заедница на царинарницата, средствата од став 1 на овој член се распоредуваат и користат врз основа на финансискиот план, а нивната конечна распределба се врши со завршната сметка што ја донесува работната зедница, по прибавено мислење од управникот на царинарницата.

Член 23

Оцена за придонесот на работната заедница на царинарницата во остварувањето на функциите, задачите и работите на царинарницата во периодите за кои се врши привремена пресметка на личните доходи на работниците дава управникот на царинарницата, по прибавено мислење од работната заедница на царинарницата.

Ако работната заедница на царинарницата не е задоволна со дадената оцена од став 1 на овој член, управникот на царинарницата ќе постапи во согласност со член 33 од овој закон.

Оцената на резултатите од трудот на работниците на царинарницата ја утврдува работната заедница на царинарницата, по прибавено мислење од управникот на царинарницата, во постапка утврдена со самоуправниот општ акт, во согласност со законот.

Ако во работната заедница на царинарницата се формирани работни единици, во согласност со статутот, оцената од став 3 на овој член може да ја утврдува и работната единица, по прибавено мислење од управникот на царинарницата.

Член 24

Решение за износот на месечната аконтација на личниот доход и на аконтацијата на личниот доход по привремената пресметка, како и за конечното утврдување на личниот доход по завршната сметка на работниците на царинарницата, издава управникот на царинарницата.

Член 25

За законито користење на средствата за лични доходи и на средствата за заедничка потрошувачка на работната заедница на царинарницата во рамките на финансискиот план, е одговорен управникот на царинарницата.

IV. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ

**1. Работна заедница**

Член 26

Работниците што работат во Сојузната управа за царини сочинуваат работна заедница на Сојузната управа за царини, а работниците што работат во царинарницата сочинуваат работна заедница на царинарницата.

Член 27

Работните заедници на органите на царинската служба со самоуправна спогодба ги утврдуваат заедничките основи за начинот на остварувањето на самоуправните права, обврски и одговорности на работниците, што поблиску се уредуваат во статутите и во другите самоуправни општи акти на работните заедници.

Работните заедници на органите на царинската служба, во согласност со законот и статутот, можат меѓусебно да склучуваат и други самуправни спогодби со кои ги уредуваат одделните прашања од заеднички интерес за сите работни заедници и работници на органите на царинската служба.

Самоуправната спогодба се смета за усвоена во работната заедница кога ќе ја прифати мнозинството од вработените работници на таа работна заедница.

**2. Совет на работната заедница**

Член 28

Советот на работната заедница го сочинуваат делегати од сите работни единици, кои се избираат сразмерно со бројот на работниците на работната единица, со тоа што секоја работна единица мора да биде застапена најмалку со еден делегат.

Во советот на работната заедница на царинарницата не може да биде избиран управникот на царинарницата.

Член 29

Со статутот и со друг самоуправен општ акт на работната заедница можат да се утврдат и другите самоуправни органи што се формираат во работната заедница, како и нивните права, обврски и одговорности, начинот на изборот односно именувањето и разрешувањето.

Член 30

Со предлозите на самоуправните општи акти советот на работната заедница на царинарницата го запознава управникот на царинарницата.

Член 31

Кога управникот на царинарницата смета дека самоуправниот општ акт на работната заедница на царинарницата, што го донесуваат работниците или советот на работната заедница, не е во согласност со уставот, со законот или со друг пропис, има право и должност да го запре од извршување таквиот акт и да им предложи на работниците, односно на советот на работната заедница, својот акт да го изменат.

Управникот на царинарницата ќе постапи според начинот предвиден во став 1 на овој член и кога смета дека поединечен акт на работната заедница не е согласен со уставот, законот или со друг пропис.

Член 32

Кога управникот на царинарницата смета дека со самоуправниот општ акт или со поединечниот

акт на работната заедница или на советот на работната заедница на царинарницата се доведува во прашање навремено и успешното извршување на функцијата на царинарницата, поради што можат да настапат штетни последици, ќе ги предупреди за ова работниците, односно советот на работната заедница на царинарницата.

Ако работниците или советот на работната заедница на царинарницата не постапат во согласност со предупредувањето, управникот на царинарницата таквиот акт ќе го запре од извршување.

Член 33

Ако управникот на царинарницата во согласност со член 32 односно 33 од овој закон запре од извршување акт на работната заедница или на советот на работната заедница, за причините на запирањето на извршувањето е должен да го извести директорот на Сојузната управа за царини, кој оценува дали тие причини се основани и дали, во согласност со законот, ќе му предложи на Сојузниот извршен совет да донесе одлука за спорното прашање.

Ако директорот на Сојузната управа за царини не се согласи со запирањето од извршување на актот или ако во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од став 1 на овој член не му предложи на Сојузниот извршен совет да одлучи за спорното прашање, запрениот самоуправен општ акт или поединечниот акт на работната заедница односно на нејзиниот совет може да се изврши.

### 3. Информирање во работната заедница

Член 34

Работниците на органот на царинската служба во остварувањето на самоуправувањето имаат право да бидат редовно и навремено информирани за програмите и плановите на работата на Сојузната управа за царини и на цринарниците и за нивното извршување; за состојбата на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка и за користењето на тие средства; за прашањата од значење за организацијата на работата и за сите други прашања од интерес за самоуправното одлучување и за самоуправната контрола.

Советот на работната заедница на Сојузната управа за царини и на царинарниците и другите органи на работните заедници на органите на царинската служба се должни на соодветен начин да им обезбедат на работниците остварување на увид во соодветните материјали и во одлуките што ги донеле во рамките на своите право и должности.

Член 35

Работниците на органите на царинската служба имаат право да покренуваат иницијатива за разгледување на сите прашања од рамките на правата, обврските и одговорностите на работната заедница и да даваат предлози и мислења за прашањата од значење за работата и унапредувањето на работата на органите на царинската служба и за развојот на самоуправувањето во работната заедница и во службата во целост.

### 4. Самоуправна контрола во работната заедница на царинарницата

Член 36

Работникот во работната заедница на царинарницата, советот на работната заедница и органот на самоуправната контрола на работната заедница на царинарницата, во остварувањето на самоуправната контрола во работната заедница на царинарницата, се должни за забележаните појави и за своето мислење да ги известат работниците во работната заедница и управникот на царинарницата и да соработуваат со органите за општествен надзор и за таа соработка да ги известуваат работниците во работната заедница на царинарницата.

## V. РАБОТНИ ОДНОСИ

### 1. Засновање на работен однос

Член 37

Лицето кое заснова работен однос во орган на царинската служба, покрај општите услови, мора да ги исполнува следните посебни услови:

1) да има соодветен степен и вид на стручна подготовка за вршење на определени задачи и работи;

2) да не е осудувано на безусловна казна затвор за кривично дело против основите на социјалистичкото самоуправно општествено уредување и безбедноста на СФРЈ, за кривично дело против човечноста и меѓународното право, за крвично дело против службената должност на службените лица во сојузните органи и за кривично дело против вооружените сили на СФРЈ, предвидени со Кривичниот закон на СФРЈ, за кривични дела против службената должност предвидени со републичките односно покраинските кривични закони, како и за царинско кривично дело;

3) да не му е изречена дисциплинската мерка престанување на работниот однос во работната заедница на државен орган, односно во организација на здружен труд или во самоуправна организација и заедница, поради потешка повреда на работната должност;

4) да ги исполнува посебните здравствени и психофизички услови за вршење на определени задачи и работи.

Во случаите од став 1 точ. 2 и 3 на овој член лице не може да заснове работен однос во орган на царинската служба за време од пет години — ако е осудено на казна затвор до пет години, односно за време од десет години ако е осудено на казна затвор над пет години, сметајќи од денот на издржаната, простената или застарената казна, односно две години од денот на правосилноста на изречената дисциплинска мерка.

Член 38

Директорот на Сојузната управа за царини, односно управникот на царинарницата, одлучува за потребата од нови работници во рамките на општиот акт за систематизацијата на задачите и работите, по прибавено мислење од советот на работната заедница на Сојузната управа за царини, односно на царинарницата, под услов да се обезбедени парични средства.

Член 39

Ако на јавен конкурс или на јавен оглас не се пријават кандидати, или се пријават оние кои не ги исполнуваат сите услови објавени во конкурсот односно во огласот, се распишува нов јавен конкурс односно јавен оглас.

Член 40

За работниците кои се примаат на работа во Сојузната управа за царини со јавен конкурс или со јавен оглас, постапката ја спроведува конкурсната комисија на Сојузната управа за царини, а за работниците на царинарницата — конкурсната комисија на царинарницата.

Изборот на кандидати за работа во Сојузната управа за царини го врши директорот на Сојузната управа за царини, а за работа во царинарница — управникот на царинарницата, по прибавено мислење од советот на работната заедница на Сојузната управа за царини, односно на царинарницата.

Член 41

Управникот на царинарницата ги донесува решенијата што се однесуваат на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работниот однос на работниците на царинарницата, ако со овој закон не е поинаку определено.

### 2. Стручно образование на работниците

Член 42

За време на приправничкиот стаж приправникот се наоѓа на стручна обука во една од царинарниците или во Сојузната управа за царини, според утврдената програма за обука.

По успешно извршениот приправнички стаж и положениот стручен испит, приправникот се распоредува на соодветни задачи и работи во Сојузната управа за царини, односно во царинарницата, ако за тоа има можност според систематизацијата на задачите и работите.

На приправникот кој не ќе го прифати распоредувањето на задачи и работи во смисла на став 2 од овој член му престанува работниот однос.

Член 43

Работникот кој заснова работен однос во Сојузната управа за царини, односно во царинарницата, за задачите и работите на основната дејност, должен е во рок од две години од денот на влегувањето на работа да положи стручен испит за задачите и работите од царинската служба, ако има помалку од десет години работен стаж и не положил стручен испит кај друг орган, односно организација.

Работникот од став 1 на овој член кој има повеќе од десет години работен стаж или има положен стручен испит кај друг орган, односно организација, е должен во рокот од став 1 на овој член да положи дополнителен испит за задачите и работите од основната дејност на царинската служба.

Работникот на органот на царинската служба кој во текот на работата ќе стекне повисок степен на училишна подготовка, а нема повеќе од десет години работно искуство на царинските работи, е должен да го положи испитот од став 2 на овој член во рок од две години од денот на распоредувањето на задачите и работите што одговараат на степенот на училишната подготовка што работникот ја стекнал.

Ако работникот од ст. 1 и 2 на овој член, во пропишаниот рок, по своја вина, не го положи испитот, му престанува работниот однос.

Работникот од став 3 на овој член кој не ќе го положи испитот во пропишаниот рок, ќе се распореди на задачите и работите што порано ги вршел.

### 3. Одмори и отсуства

Член 44

На работникот на царинската служба што се упатува на стручна обука предвидена со посебна програма на службата за основната дејност може да му се одобри отсуство од работа со надомест на личниот доход во траење од три месеца, ако таа обука се врши врз товар на средствата за посебни намени.

Член 45

Работникот што прима надомест поради одвоен живот од семејството има право на секој шести месец да отсуствува од работа со надомест на личниот доход во траење од пет работни дена, заради посета на потесното семејство.

Како потесно семејство, во смисла на овој закон се сметаат брачниот другар и децата (брачни, вонбрачни, посвоени и на издржување), како и родителите на работникот, ако работникот ги издржува и со нив живее во заедничко домаќинство.

### 4. Распоредување на работниците

Член 46

Работникот на орган на царинската служба ги врши задачите и работите заради чие вршење засновал работен однос, односно на кои е распореден.

Ако потребите на службата бараат, работникот може да се распореди на други задачи и работи кои одговараат на неговата стручна подготовка и работно искуство, во согласност со условите пропишани со општиот акт за систематизацијата на задачите и работите.

Распоредувањето од став 2 на овој член го врши:

1) за работниците на Сојузната управа за царини — директорот на Сојузната управа за царини;

2) за работниците на царинарницата — управникот на царинарницата.

Распоредувањето на работникот во смисла на овој член се врши по прибавено мислење на работната заедница.

Член 47

Директорот на Сојузната управа за царини може работникот што работи на задачите и работите од основната дејност да го премести од една царинарница во друга, односно од царинарницата во Сојузната управа за царини и обратно, ако тоа го бараат интересите на службата.

Како интереси на службата, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат особено случаите кога работите во некоја царинарница односно во Сојузната управа за царини не можат навремено и успешно да се извршуваат со постојните работници, случаите на основање нови царинарници или нови организациони единици, односно кога тоа го бараат причините на безбедноста на државната граница, на општествената самозаштита и други слични случаи.

Работникот на орган на царинската служба може да бара преместување од една царинарница во друга, односно во Сојузната управа за царини и обратно.

Преместувањето од ст. 1 и 3 на овој член го врши директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од управникот на царинарницата и од советот на работната заедница на царинарницата, односно на Сојузната управа за царина, од која работникот заминува и во која доаѓа.

Работникот преместен по потреба на службата се распоредува на задачите и работите што одговараат на неговата стручна подготовка и работно искуство и без согласност од работникот.

Против решението за преместување по потреба на службата, работникот има право на приговор.

За приговорот од став 6 на овој член одлучува директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од советот на работната заедница од која работникот се преместува.

Приговорот од став 6 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

Член 48

На работникот преместен по потреба на службата му припаѓа надомест на патните и селидбените трошоци за него и за членовите на неговото потесно семејство.

На работникот од став 1 на овој член му припаѓа надомест поради одвоен живот од семејството, и тоа од денот на стапувањето на работа на задачите и работите па сè додека не му се обезбеди соодветен стан за него и за неговото семејство.

Решението за надомест од ст. 1 и 2 на овој член го донесува директорот на Сојузната управа за царини, во согласност со прописите на Сојузниот извршен совет и со самоуправната спогодба.

Член 49

На работникот преместен по потреба на службата Сојузната управа за царини е должна да му обезбеди стан во рок од две години од денот на стапувањето на новите задачи и работи. Ако на таков работник во наведениот рок не му се обезбеди стан или за ова со работникот не се постигне спогодба, Сојузната управа за царини е должна работникот, на негово барање, да го врати на работа во царинарницата односно во Сојузната управа за царини од која е преместен или во друга царинарница каде постои можност на тој работник да му се обезбеди стан.

Член 50

Работникот што е преместен е должен да се јави на работа во рокот определен во решението за преместување.

Рокот од став 1 на овој член не може да биде покус од десет дена од денот на разрешувањето од должност.

Член 51

Ако интересите на службата налагаат, директорот на Сојузната управа за царини, во согласност со член 46 став 2 од овој закон, може работникот привремено да го упати на работа од една царинарница во друга, односно во Сојузната управа за царини и обратно.

Работата од став 1 на овој член може да трае до шест месеци, а подолго од тоа време само со согласност на работникот.

За време на привременото упатување на работа во друга царинарница или во Сојузната управа за царини, на работникот му припаѓаат дневници за првите месец дена, а по тоа надомест за одвоен живот во согласност со член 48 од овој закон.

Како интереси на службата, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат особено случаите кога работите во некоја царинарница односно во Сојузната управа за царини не можат навремено и успешно да се извршуваат со постојните работници.

Член 52

Управникот на царинарница може, по потреба на службата, да распореди работник од една организациона единица на царинарницата во друга, без оглед на тоа дали тие се во седиштето или надвор од седиштето на царинарницата, во согласност со член 46 и член 47, ст. 2 и 5 од овој закон

Работникот што со распоредот од став 1 на овој член го менува живеалиштето, доколку во местото на новото живеалиште бара стан за себе и своето семејство, е изедначен во правата со работникот преместен по потреба на службата, што се утврдени со чл. 48 и 49 од овој закон, ако новото живеалиште е оддалечено повеќе од 50 km од неговото поранешно живеалиште.

Член 53

Ако интересите на службата налагаат, управникот на царинарницата може работникот привремено да го упати на работа во друга организациона единица на царинарницата, во смисла на член 52 став 1 од овој закон.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, работникот може да се распореди на други задачи и работи што одговараат на неговата стручна подготовка и работно искуство без претходно прибавено мислење на работната заедница, ако таквите задачи и работи мораат итно и неодложно да се извршат поради спроведување на вонредни или посебни мерки на царински надзор и контрола, односно замена на ненадејно отсутен работник со тоа што таквата работа може да трае најдолго 30 дена.

Одредбите на член 51 ст. 2 и 3 од овој закон ќе се применуваат и врз работниците од став 1 на овој член.

Член 54

Ако со распоредот на работникот од член 52 на овој закон или со привременото упатување на работа во смисла на член 53 од овој закон се создаваат материјални обврски, таквиот распоред односно привремено упатување на работа може да се врши само со претходна согласност од директорот на Сојузната управа за царини.

Член 55

Работникот на орган на царинската служба на кој ќе му се одземе службената легитимација или нема да му се завери важноста на таа легитимација во смисла на член 59 од овој закон, може да се распореди на други соодветни задачи и работи во рамките на царинарницата, да се премести на други соодветни задачи и работи во рамките на царинската служба или да се стави на располагање.

Решение за распоредувањето односно за преместувањето во смисла на став 1 од овој член донесува управникот на царинарницата, односно директорот на Сојузната управа за царини, а против тоа решение може да се вложи приговор.

Против решението донесено по приговорот од став 2 на овој член може да се изјави жалба до Сојузниот извршен совет во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Приговорот и жалбата не го одлагаат извршувањето на решението.

**5. Превентивна здравствена и хигиенско-техничка заштита при работа**

Член 56

За обезбедување на определени задачи и работи на органите на царинската служба работникот мора да има посебни здравствени и психофизички способности.

Работниците што работат на задачите и работите од став 1 на овој член подлежат на задолжителен здравствен преглед најмалку еднаш во две години, а за здравствената состојба на тие работници се води посебна евиденција.

Задачите и работите од став 1 на овој член, здравствените и психофизичките способности што работникот треба да ги има за вршење на тие задачи и работи, организацијата за вршење на здравствени прегледи и начинот на водењето на евиденцијата за здравствената состојба на тие работници ги пропишува директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од работните заедници на органите на царинската служба и од сојузниот орган на управата надлежен за работите на трудот, здравството и социјалната заштита.

Член 57

Директорот на Сојузната управа за царини, по претходно прибавено мислење од работните заедници на органите на царинската служба и од сојуз-

ниот орган на управата надлежен за работите на трудот, здравството и социјалната заштита ги пропишува мерките и средствата за хигиенско-техничка заштита при работа на работниците врз задачите и работите што се вршат под отежнати услови на работа, како и врз другите задачи и работи при кои таквата заштита е неопходна.

### 6. Службена и работна облека и службени ознаки

Член 58

Во граничните царинарници определени работници имаат право на службена облека и должни се да ја носат кога се на работа. Во другите царинарници право на службена облека и обврска да ја носат имаат работниците што работат на работите од основната дејност.

Работниците што вршат работи на преглед во превозните и преносните средства во царинските магацини, стоваришта, складови, сместупалишта и лаборатории, имаат право на работна облека.

Директорот на Сојузната управа за царини утврдува кои работници на граничните царинарници имаат право според став 1 на овој член на службена облека, како и кои работници имаат право на работна облека според став 2 од овој член. Директорот на Сојузната управа за царини ќе донесе пропис за кројот, бојата, службените ознаки, времето на траење и начинот на користење на службената и работната облека.

Член 59

На работниците што работат на задачите и работите на контрола на прометот со странство, царинење и царински надзор, царинско-управна и прекршочна постапка, на спречување на царинарниците и на ревизиони работи, како и на други работи каде што тоа природата на работите го бара, им се издава службена легитимација.

Службената легитимација ја издава дирекорот на Сојузната управа за царини.

Заверката на важноста на службената легитимација за период од две години за работниците на Сојузната управа за царини ја врши директорот на Сојузната управа за царини, а за работниците на царинарницата — управникот на царинарницата.

Службената легитимација ќе се одземе, односно нема да се завери таа легитимација, во случај:

1) кога тоа го бараат причините на безбедноста на државната граница;

2) ако работникот со правосилна пресуда е осуден на казна затвор, односно ако во прекршочна постапка со правосилно решение му е изречена казна затвор — додека казната не ја издржи;

3) кога против работникот е поведена истрага или подигнат обвинителен акт без спроведување на истрага.

Пропис за остварување на правата на службена легитимација, за содржината и формата на службената легитимација и за евиденцијата на издадените службени легитимации донесува директорот на Сојузната управа за царини.

### 7. Дисциплинска одговорност

Член 60

Како потешка повреда на работната должност се смета:

1) злоупотребата на положбата или пречекорувањето на службеното овластување;

2) издавањето на државна, воена или службена тајна, односно небрежното вршење на работите и задачите што може да доведе до издавање на тие тајни;

3) несовесното вршење на службената должност што предизвикало или што можело да предизвика штетни последици од поголемо значење;

4) недавањето податоци или давањето неточни податоци на државните органи, на организациите на здружен труд, на самоуправните и други организации и заедници, општествените организации, на здружениoата и на граѓаните, ако давањето на податоци е предвидено со закон или со пропис донесен врз основа на закон;

5) непреземањето или недоволното преземање на мерки за заштита на работата или на мерки поради повреда на прописите и на работната дисциплина;

6) извршување или помагање при извршувањето царинско кривично дело или на стопански престап на царински или девизен прекршок за време на работата или надвор од работата;

7) одбивањето да се изврши службена задача;

8) неизвршувањето или ненавременото извршување на должноста за известување на органот на управување на работната заедница, на синдикатот и на работниците;

9) спречувањето на учесниците во царинска или прекршочна постапка да ги користат своите права за поднесување на барања ,поднесоци и жалби;

10) однесувањето на работата или надвор од работата кое очевидно му нанесува штета на угледот на царинската служба или вршењето работи што се неспојливи со работите и задачите на царински работник или со природата на дејноста и со спецификностите на царинската служба;

11) оневозможувањето на работникот да ги остварува своите самоуправни права и обврски или правата од работниот однос или остварувањето на правата спротивно на самоуправниот општ акт, ако со тоа се предизвикуваат потешки последици или поголема материјална штета;

12) изнесувањето на утврдени или неутврдени податоци за органот или за работниците на начин што може да предизвика нетрпеливост помеѓу работниците и да ги наруши меѓучовечките односи или да му нанесе штета на угледот на службата;

13) примањето на мито, односно подароци, или остварувањето на други користи во врска со задачите и работите на работниците или на службата, или послугата или овозможувањето на послуга со пари и со други предмети од вредност;

14) приемот на работа на работник спротивно на законот;

15) неоправданото изостанување од работа подолго од три дена едноподруго;

16) спречувањето на самоуправните и контролноинспекциските органи во извршувањето на нивните задачи и работи;

17) неточното евидентирање и прикажување на резултатите од трудот со намера за себе или за друг неосновано да се прибави поголем удел при распределбата на средствата за лични доходи;

18) оневозможувањето да се извршат задачите и работите на друг работник;

19) невршењето или ненавременото вршење на задачите и работите од областа на општествената самозаштита и општонародната одбрана или непридржувањето кон мерките и неизвршувањето на наредбите донесени заради отстранување на општа опасност;

20) невршењето на подолг надзор за спроведувањето на законитоста или за правилното раководење;

21) фалсификувањето или уништувањето на службена исправа, книга или спис, односно употребата или заверката на фалсификувана службена исправа, книга или спис како да се вистински или

поднесувањето на лажна пресметка, односно доведувањето во заблуда на надлежниот орган дека треба да се изврши незаконита или неправилна исплата;

22) извршувањето на дејствие кое претставува кривично дело извршено на работа или во врска со работата или со кое, поради нечесните мотиви под кои е извршено, му се нанесува потешка штета на угледот на службата;

23) заминувањето во странство без претходно пријавување на овластено лице;

24) неносењето или непрописното и неуредно носење на службената облека и ознаки;

25) извршувањето на некое дејствие или пропуштањето на дејствие со што се оневозможува или значително се спречува правилната работа на органот на царинската служба.

Член 61

Мерките за полесна повреда на работната должност ги изрекува:

1) директорот на Сојузната управа за царини — на управникот на царинарницата и на помошникот на управникот на царинарницата, како и на работниците на Сојузната управа за царини;

2) управникот на царинарницата — на работниците на царинарницата.

Мерките за потешка повреда на работната должност од член 60 на овој закон ги изрекува дисциплинската комисија на органот на царинската служба, која има претседател и двајца членови.

Претседателот и членовите на дисциплинската комисија на органот на царинската служба имаат свои заменици.

Член 62

Претседателот и членовите на дисциплинската комисија на органот на царинската служба и нивните заменици ги именува директорот на Сојузната управа за царини, по прибавено мислење од работните заедници на органите на царинската служба, за период од две години.

Еден член на дисциплинската комисија од став 1 на овој член мора да биде од работната заедница во која работи работникот против кого се води постапката за утврдување на неговата одговорност поради потешка повреда на работната должност.

Член 63

Решение за покренување на постапка за утврдување на одговорноста на работникот поради повреда на работната должност донесува директорот на Сојузната управа за царини — кога е во прашање управник или помошник-управник на царинарницата, односно работникот на Сојузната управа за царини, а управник на царинарницата — кога е во прашање работник на царинарницата.

Предлог за донесување на решението од став 1 на овој член може да даде работната заедница, односно советот, органот на самоуправната контрола, организацијата на синдикатот и раководителот на организационата единица во која работникот работи.

Член 64

Со самоуправна спогодба на работните заедници на органите на царинската служба поблиску се уредува постапката за утврдување на дисциплинската одговорност на работникот, начинот на извршување на дисциплинските мерки и другите прашања во врска со дисциплинската одговорност на работникот, во согласност со законот.

Со самоуправната спогодба од став 1 на овој член можат поблиску да се опишат дејствијата што претставуваат повреди на работната должност утврдени со овој закон

Член 65

Постапка за утврдување на одговорноста на царински работник на орган на царинската служба за повреда на работната должност не може да се покрене ниту да се води по истекувањето на една година од денот кога повредата е извршена.

Ако повредата на работната должност истовремено претставува кривично дело, царински или девизен прекршок, рокот на застареноста за поведување и водење на дисциплинска постапка е ист како и рокот за кривично гонење за тоа кривично дело, односно рокот во кој може да се покрене прекршочна постапка.

## VI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ВО ВРСКА СО РАБОТАТА НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЦАРИНСКАТА СЛУЖБА

Член 66

Работниците на органите на царинската служба, кога вршат служба на средствата за јавен сообраќај имаат право на бесплатен превоз со тие средства и на осигурување што го имаат патниците што го плаќаат превозот со тие средства.

Член 67

По барањето на работник на орган на царинската служба, што ќе биде спречен или попречуван во вршењето на својата службена должност, овластеното службено лице на органот за внатрешни работи е должно да му даде потребна помош.

Член 68

Работникот на органот на царинската служба на кој му престанал работниот однос поради заминување во пензија има право на надомест на трошоците за селидба (трошоци за превоз на предмети и лица) од местото во кое работел, односно од живеалиштето на семејството, до местото во кое сака да се насели.

Правото на надомест од став 1 на овој член го има и потесното семејство на умрен работник.

Правото на надомест од став 1 на овој член може да се оствари во рок од три години од денот на престанувањето на работниот однос, односно од денот на смртта на работникот.

Решение за надомест од став 1 на овој член донесува директорот на Сојузната управа за царини, во согласност со законот, со прописот на Сојузниот извршен совет, и со самоуправната спогодба.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 69

Работниците на органите на царинската служба затекнати на задачи и работи за кои немаат соодветен степен на стручната подготовка, можат да се задржат на тие задачи и работи со тоа што таа подготовка да ја дополнат во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Затекнатите работници на органите на царинската служба од став 1 на овој член што имаат над десет години работно искуство на исти или сродни работи и со успех ги извршуваат задачите и работите на кои се затекнати, можат да се задржат на тие задачи и работи со тоа што нивната оспособеност за вршење на тие задачи и работи да се утврди со посебна проверка, што ќе се изврши во рок од две години од денот на влегувањето во сила на прописот од став 3 на овој член.

Директорот на Сојузната управа за царини ќе пропише програма и начин на проверка на оспособеноста на работниците од став 2 на овој член, по претходно прибавено мислење од сојузниот орган на управата надлежен за работи на правосудството и организацијата на сојузната управа.

Член 70

Затекнатите работници на органите на царинската служба кои според поранешните прописи се ослободени од обврската за полагање на стручен испит, не се должни да го полагаат стручниот испит од член 43 на овој закон.

Член 71

За работниците затекнати на задачите и работите на управник на царинарница рокот од член 12 став 2 на овој закон почнува да тече од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 72

Статутите на работните заедници на органите на царинската служба ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рокот од став 1 на овој член ќе се усогласат со одредбите на овој закон и другите самоуправни општи акти на работните заедници на органите на царинската служба.

Член 73

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/70, 40/73 и 21/74).

Член 74

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

845.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЦИВИЛНИТЕ И ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1977 ДО 1981 ГОДИНА И ПРОГРАМАТА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЦИВИЛНИТЕ И ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1981 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за Програмата за интеграција на заедничките служби за водење на цивилните и воените воздухоплови во периодот од 1977 до 1981 година и Програмата за модернизација на заедничките служби за водење на цивилните и воените воздухоплови во периодот од 1976 до 1981 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 30 септември 1980 година.

П бр. 26
30 септември 1980 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
**Цвијетин Мијатовиќ,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЦИВИЛНИТЕ И ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1977 ДО 1981 ГОДИНА И ПРОГРАМАТА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЦИВИЛНИТЕ И ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1981 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за Програмата за интеграција на заедничките служби за водење на цивилните и воените воздухоплови во периодот од 1977 до 1981 година и Програмата за модернизација на заедничките служби за водење на цивилните и воените воздухоплови во периодот од 1976 до 1981 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/76) во член 3 зборовите: „За набавка на опремата наведена во Програмата за интеграција и во Програмата за модернизација" се заменуваат со зборовите: „За реализација на Програмата за интеграција и на Програмата за модернизација".

Член 2

Во член 4 зборовите: „директорот на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба" се заменуваат со зборовите: „директорот на Сојузната управа за контрола на летањето".

Член 3

Во член 5 зборовите: „Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба" се заменуваат со зборовите: „Сојузната управа за контрола на летањето".

Член 4

Во член 6 зборовите: „Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба" се заменуваат со зборовите: „Сојузната управа за контрола на летањето".

Член 5

Во Програмата за интеграција на заедничките служби за водење на цивилните и воените воздухоплови во периодот од 1977 до 1981 година се вршат следните измени и дополненија:

1) во точка 1 зборот: „Пула", се брише, а зборовите: „Дубровник, Скопје и Титоград" се заменуваат со зборовите: „Дубровник и Скопје";

2) точка 2 се менува и гласи:

„2) набавка и поставување на слетни радари — GCA на аеродромите Белград и Сараево;";

3) точка 3 се менува и гласи:

„3) поставување на слетни радари — GCA на аеродромите Загреб, Пула, Сплит, Задар, Скопје, Титоград, Ниш, Приштина, Вршац и на некои воени аеродроми;";

4) во точка 4 зборот: „Мостар" и зборовите: „и на некои воени аеродроми" се бришат;

5) точка 5 се менува и гласи:

„5) набавка и поставување на уреди за пренесување на радарската слика на надзорните радари во терминалните контроли на летањето во Дубровник, Белград, Загреб, Задар и Скопје;";

6) во точка 6 зборот: „Пула" на обете места се брише. Зборот: „Риека" и зборот: „Мостар" се бришат. Зборовите: „и Титоград" и зборот: „Титоград", се бришат;

7) во точка 7 зборовите: „Пула и" се бришат, а по зборот: „Скопје" се додаваат зборовите: „и на некои воени радарски станици";

8) точка 9 се менува и гласи:

„9) набавка на сметачи и друга опрема за автоматските центри за најавување на летови, соодветни проширувања и адаптации на постојните центри во обласните контроли на летањето;“;

9) во точка 10 зборовите: „Мостар, Титоград, Ниш,“ се бришат, а на крајот точката и запирката се заменуваат со точка и потоа се додава нов став 2 кој гласи: „Поставување на VOR Титоград;“;

10) во точка 12 зборот: „Иванград“ и зборовите: „Славонски Брод, Димитровград,“ се бришат, а зборовите: „Добрна, Илирска Бистрица“ се заменуваат со зборовите: „Топола, Мали Лошињ, Житораѓе, Даниловград, Куманово, Никшиќ, Приштина“;

11) во точка 13 зборот: „VHF/UHF“ се заменува со зборот: „VHF,“ а по зборот: „Охрид“ се додаваат запирка и зборовите: „Бања Лука, Осиек, Марибор, Вршац, Иванград, во Центарот за образование и усовршување на кадрите на Сојузната управа за контрола на летањето“;

12) во точка 14 зборот: „VHF/UHF“ се заменува со зборот: „VHF“, а по зборот: „Охрид“ се додава запирка и зборовите: „Бања Лука, Осиек и Иванград, Вршац, Марибор, во терминалните и обласните контроли на летањето“;

13) точка 15 се менува и гласи:

„15) набавка и поставување на шифро-уреди и шифро-телепринтери и придружна опрема за тој вид уреди;“;

14) во точка 17 зборот: „Пула“ и зборот: „Титоград“ се бришат, а зборовите: „на некои воени аеродроми“ се заменуваат со зборовите: „во Љубљана, Сараево, Титоград, Пула, Иванград, Бања Лука, Осиек и Вршац и за некои воени аеродроми.“

15) во точка 18 зборот: „Мостар“ и зборот: „Скопје“ се бришат, а по зборот: „Сплит“ се додава запирка и зборовите: „Белград, Загреб, Тиват, Сараево, во Центарот за одобрување на летовите и во Центарот за образование и усовршување на кадрите на Сојузната управа за контрола на летањето“;

16) во точка 19 зборот: „Пула“ се брише, а зборовите: „за аеродромска контрола на летањето во Мостар“ се заменуваат со зборовите: „за аеродромски контроли на летањето во Мостар и Титоград“;

17) точка 20 се менува и гласи:

„20) изградба на објекти за радарски станици, сместување на уредите и за работа на техничкиот персонал, доведување на електрична енергија за напојување на уредите и изградба на пристапни патишта и на други надворешни приклучоци;“;

